# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: vesnik@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

Година IX, број 99 ISSN 1857-7660 28 октомври 2016 година


NLB Banka

По повод 70 години пензионерско организирање во Македонија

## „Повелба на Република Македонија“ за СЗПМ

На 16 септември 2016 година во Скопје се одржа Свечена академија на која претседателот на државата, неговата екселенција д–р Ѓорге Иванов, на СЗПМ свечено им го врачи одликувањето „Повелба на Република Македонија“ за активностите, за сплотеноста и заедништвото, за придонесот во развојот и изградбата на нашата земја, а по повод одбележувањето на 70 години пензионерско организирање во Македонија. На Академијата присуствуваа: дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на ССМ Живко Митревски, генералниот секретар на Црвениот крст на РМ, Саит Саити, градоначалниците на општините Ѓорче Петров, Илинден и Петровец, Сокол Митревски, Жика Стојановски и Борче Митевски, пом. директор на ФПИОМ Трајко Премчески, генерал Мирче Ѓорговски од АРМ, а од странство, заменик на потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Словенија Јоже Жнидарич, претседателот на Сојузот на синдикатите на Албанија, Кол Николај во придружба на заменик–претседателот Аниса Субаши.





Свечента академија се одржа во присуство на околу 700 пензионери и гости од земјата и странство кои со почит, гордост и аплаузи го пратеа обраќањето на првиот човек во нашата земја, претседателот на државата **д-р. Ѓорге Иванов**.

– Почитувани пензионери, драги гости, дами и господа,

Пред четврт век, Република Македонија прогласи независност и сувереност. Најголем удел во тој голем историски потфат имаа генерациите кои беа работоспособни и кои на своите рамена, со својот труд, искуство и знаење придонесуваа кон градењето на младата држава. Голем дел од таа, клучна генерација веќе не се млади, ниту вработени. Денес сум тука со вас, во својство на покровител на прославата на седум децении пензионерско организирање во Република Македонија. Особено ми е драго што на денешнава академија ќе имам и можност на Сојузот на здруженија на пензионери на Република Македонија да им доделам Повелба на Република Македонија како благодарност за сите нивни активности на полето на пензионерското организирање.

Јубилеите се убава можност да се направи рекапитулација на сработеното. Благосостојбата на една држава може да се согледа од тоа како ги третира најмладите и најстарите граѓани. Државата треба да продолжи со своите програми и проекти да ви овозможи достоинствен живот. Овој јубилеј е можност да се еволуираат програмите и активностите и, секако, со нова енергија да се продолжи во унапредувањето на правата и должностите на пензионерите. Велам должности, бидејќи вие сте многу важен дел од општеството.







Пензионирањето од работа не значи пензионирање од општеството. Напротив, пензионерите со своите активности и помагање во рамките на домот и семејството, но и во пошироката заедница, преку учество во најразлични иницијативи со своето искуство и интелектуален капацитет се активни чинители на општествените текови. Сево ова на соодветен начин треба да биде максимално исползувано и верифицирано од нашето општество.

Навистина е импресивна листата на активности, инцијативи, програмски содржини, организирани, иницирани и реализирани од здруженијата на пензионери во сите делови на нашата земја. Исто така впечатливи се активностите на полето на културата и уметноста, особено во музиката. Неодминлив дел се и спортските пензионерски натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Ја поздравувам и меѓународната соработка која ја остварува Сојузот на здруженијата на пензионери на Република Македонија. Секако, кога се зборува за она што е дејност на Сојузот не може да се изостави медиумската активност, пред сè издавањето на месечникот „Пензионер плус“, но и редовно ажурираната веб–страница на Сојузот, кои нудат неопходни и корисни информации.

Драги пензионери,

„Повелбата на Република Македонија“ е и признание за сите пензионери, за нивниот придонес за заедницата за време на работниот век, но и по заминувањето во пензија. Но, истовремено и очекување од вас. Да го пренесете вашето акумулирано знаење, искуство и мудрост, без кои ниту едно општество не може да функционира. Да ни помогнете да не ги повторуваме грешките што се правеле во минатото. Да им дадете пример на младите.

На крајот од моево обраќање би сакал од сè срце да ви посакам со радост и во добро здравје да уживате во вашите пензионерски денови, кои сте ги заслужиле макотрпно работејќи. Со мислата за благосостојба на сите наши граѓани и за силна и просперитетна Република Македонија, дозволете ми, на самиот крај, уште еднаш да ви го честитам големиот јубилеј и да ви посакам среќни и исполнети пензионерски денови.

По обраќањето претседателот Иванов во многу свечена атмосфера му ја врачи Повелбата на претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски**, кој примајќи го оваа највисоко признание кое СЗПМ го има добиено во изменатите 7 децении, заблагодарувајќи се меѓу другото истакна:

– Во овој свечен миг, дозволете ми најпрвин во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во лично име најискрено да се заблагодарам на претседателот на Република Македонија, Неговата екселенција д–р Ѓорге Иванов за врачението одликување на Сојузот кое значи признание за 250 илјади пензионери – членови на една од најстарите, најмасовните, најактивните невладини, неполитички, мултиетнички граѓански организации во Република Македонија. Одликувањето „Повелба на Република Македонија“ е највисокото признание во седумдеценисската историја на пензионерското организирање во нашата земја. Затоа, голема, голема благодарност на претседателот на Република Македонија и на соодветната комисија. Голема благодарност кон Вас почитуван претседателе. Со оваа Повелба им правите чест и почит на сите пензионери во нашата земја.

Им благодариме за присуството на сите владини претставници, на државни институции, на раководители на значајни компании со кои соработуваме, на сите добитници на јубилејни плакети и признанија, на учесниците во програмата на Свечената академија, на членовите на гардата на претседателот, на гостите од пензионерските сојузи на Словенија и Албанија, на медиумите, на сите вас кои со своето присуство го зголемивте значењето на ова величевствено одбележување на 70–годишнината на пензионерското организирање во нашата земја. Тоа е редок јубилеј кој заслужува посебен респект и од пошироката јавност.

Потоа претседателот Аргировски зборуваше за историјатот и развојот на Сојузот на здружења на пензионери на Македонија во изминатите 7 деценија и додаде:

– Денес СЗПМ е силна масовна мултиетничка граѓанска асоцијација која развивајќи се во континуитет, остава траги и во развојот на државата и со своите 53 доброволно здружени здруженија на пензионери е и вистински репрезент на неговото височество пензионерот.

Како што е познато, во последните неколку години Сојузот во интерес на пензионерите остварува многу добра соработка со Министерството за труд и социјална политика, со Министерството за култура, со Фондот на ПИОМ, со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со Сојузот на синдикатите на Македонија и со Црвениот крст на Македонија. Благодарение на таа соработка и ангажираност реализирани се голем број проекти во интерес на пензионерите.

Карактеристика на периодот од новиот милениум е отстранувањето на информативниот мрак за пензионерската проблематика, со излегувањето на „Пензионерски видици” во 2005 година како прилог на весникот „Нова Македонија“, со воведувањето емисии на Македонската телевизија и Радио Скопје, а во 2008 година почна да излегува и весникот за сегашните и идните пензионери „Пензионер плус“. Воведена е и современа ВЕБ–страница на СЗПМ, како и прилог за пензионерите во весникот на албански јазик „Коха“. Во сите нив се негува методот на ширење на вистината и на фактите. Тоа придонесува пензионерите и јавноста навремено, правилно и точно да бидат информирани и со непобитни аргументи да ја негуваат вистината. Со ваквото богато информирање Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е единствен на Балканот.

Сите наведени активности и резултати се за почитување. Кога станува збор за пензионерската проблематика, СЗПМ е категоричен дека сите политички фактори треба да имаат единствен позитивен став, бидејќи тоа се битни прашања за пензионерите и во интерес и на државата. Очекуваме успешно да продолжиме да чекориме по патот кој сме го одбрале со нашето искуство, знаење и мудроста и по кој чекориме седум децении. Мудроста и искуството ги красат постарите, а силата е кај помладите – заедно постигнуваме повеќе.

Во полната салата се слушаше аплауз помешан со радост и со гордот. Сите беа радосни и заради високото признание, но и свесни дека признанието е и обврска за постигнување уште повисоки резултати и поголема ангажираност за подобар стандард и поквалитетни исполнети пензионерски денови.

Во рамки на Академијата беше изведена и пригодна културно–уметничка програма со учество на пејачки и играорни групи и музичари од здруженијата на пензионери: Гази Баба, Кисела Вода, Солидарност–Аеродром, Чаир и Ѓорче Петров.

**Калина С. Андонова**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...


**ВРАЧУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА** стр. 2, 3 и 4

**МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ВО ИНТЕРЕС НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ** стр. 5

ТРИБИНА стр. 7

ХРОНИКА стр. 8



**ЦЕНТАР ЗА ПЕНЗИОНЕРИ ВО ВАРОШ** стр. 9

ИНФО стр. 11

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12



**ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ЈАС“** стр. 13

ЗДРАВСТВО стр. 14

ЗАБАВА стр. 15

**ВТОР ПОВИК ЗА ИСПРАЌАЊЕ ПОШТЕНСКА ДОПИСНА КАРТИЧКА** стр. 16


**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**

**10. Ноември**
**во „Нова Македонија“**
**- Пензионерски видици**
**17. Ноември**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**25. Ноември**
**„Пензионер плус“**
**-100-ти број**




Врачување Плакета на премиерот на РМ

# Пријатна средба со почит и разбирање

Премиерот на Владата на Република Македонија, Емил Димитриев, на 25 октомври 2016 година прими делегација од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија предводена од претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Во делегацијата беа претседателот на Собранието Бесник Поцеста, секретарот на ИО Станка Трајкова и членовите на ИО Калина С. Андонова и Ѓорѓи Серафимов. Повод на посетата беше врачување Плакета од Сојузот на премиерот, по повод големиот јубилеј, 70 години пензионерско



организирање во Македонија и запознавање со активностите и постигањата на СЗПМ во изминатите седум децении, со посебен акцент на последната и најактивна декада, во која СЗПМ стана лидер и пример на пензионерска асоцијација во опкружувањето и пошироко на Балканот.

Најнапред претседателот на СЗПМ Аргировски официјално му ја врачи Плакетата на премиерот Димитриев, како знак на успешната и плодна соработка со Владата на Македонија во целиот период од 70 години. Притоа тој искажа голема благодарност за поддршката и низата проекти со кои Владата и соодветните министерства поврзани со оваа популација, ги реализира за подобар и поквалитетен живот на пензионерите во Македонија. Со Плакетата му ја врачи и својата најнова книга „Аргументите ја осветлуваат вистината", поврзана со луѓето од третата доба, која е една од неговите 20 публицистички дела, а седма, поврзана со пензионерската популација.

Во пријатна атмосфера, премиерот Димитриев беше запознаен со активностите и успесите на Сојузот во изминатите години, со посебен акцент на резултатите во оваа јубилејна година. Меѓу другото беше запознаен со потребата од изградба на нови старски и пензионерски домови во Скопје и во внатрешноста, од потребата на проширување на социјалната и здравствена заштита, од неминовноста од донесување Закон за пензионерско организирање во Македонија, од редовна исплата на пензиите и од консензус на сите чинители во земјата кога се во прашање правата на оваа многубројна популација и при тоа истакна:

– Патот по кој чекориме е патот на вистината, чесноста и соживотот. Така е до сега, така и ќе продолжиме во тоа сме убедени и во Сојузот и во сите 53 здруженија доброволно здружени со иста цел.

Премиерот Димитриев се заблагодари на честа која му ја даваат најстарите жители во земјата со доделување на Плакета по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија и меѓу другото рече:

– Ми претставува особена чест што сте ми гости. Ме радуваат вашите успеси и резултати. Од вас треба да учат помладите генерации особено на полето на соживотот и етничката толеранција. Владата и досега и во иднина ќе ги поддржува пензионерите и ќе ги разгледува сите ваши предлози и забелешки кои се во ваш интерес и во интерес на државата во граници на можностите. Се разбира дека секогаш може и треба да биде подобро и поваќе. Ни забележуваат дека сето тоа е заради пензионерскиот глас. Тоа нема да не дефокусира да работиме како и до сега. Треба да



сме единствени и економски јаки. Другото ќе си дојде само по себе, иако глобализацијата има влијание.

Пензионерите се искусни и мудри луѓе. Тие секогаш се на страната на она што е добро за нив, но и за државата.

**Калина С. Андонова**

# Плакета за Црвен крст на РМ од СЗПМ



По повод 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија, делегација од СЗПМ во состав: Драги Аргировски, претседател, Станка Трајкова, секретар на ИО и Илија Глигоров, член на Комисија за здравство, на ден 18.10.2016 година, беше во Републичкиот Црвен крст кадешто ги прими генералниот секретар Саит Саити. На оваа средба претседателот Аргировски свечено ја врачи Плакетата на СЗПМ по повод јубилејот, при што искажа голема благодарност за взаемната долгогодишна соработка, поддршка и помош во интерес на пензионерите и граѓаните на Македонија. Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ, д–р Саит Саити се заблагодари за овој убав гест и изрази честитки за големиот јубилеј на СЗПМ, за сите минати активности, но и за активностите кои ќе произлезат од заедничката соработка во иднина.

**И.Г.**

По повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија

# Величенствено одбележување со врачувања признанија, со песна и оро

На свечената академија по повод одбележувањето на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање, претседателот на РМ **Ѓорге Иванов**, на 16–ти септември 2016 година во Домот на АРМ, честитајќи му го празникот на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, лично му врачи „Повелба на Република Македонија" за Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Ова високо државно признание првпат се доделува за седумдецениското постоење на Сојузот и значи гордост и награда за повеќегодишното успешно работење на СЗПМ, како најбројна невладина, неполитичка и мултиетничка организација во Македонија. Во оваа пригода честитки до СЗПМ беа упатени и од присутните претставници на државата и локалните самоуправи, како и од гости од Сојузи на здруженија, на невладини организации и институции од Република Македонија и странство.

По повод врачувањето на плакетите и признанијата, пригодна свеченост се одржа во ресторанот „Ханибал" во Скопје. На свеченоста јубилејни плакети им беа врачени на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов и на претседателот на ССМ Живко Митревски, а признанија добија и сите 53 здруженија пензионери–членки на СЗПМ. Во ресторанот „Ханибал" присуствуваа и потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Словенија Јоже Жнидарич и претседателот на Сојузот на синдикатите на Албанија, Кол Николај во придружба на заменик-претседателот Аниса Субаши. На високите гости и претставници од Словенија и Албанија, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски им врачи плакети на СЗПМ со порака за натамошно продолжување и збогатување на соработка со двата сојуза. Заблагодарувајќи се на признанието, **Јоже Жнидарич** во име на Сојузот на пензионерите на Словенија, на претседателот Драги Аргировски му врачи нивно јубилејно признание, а истовремено му подари уметничка слика со мотиви од словенечкото поднебје. Исто така, голема благодарност и честитки за празникот упати и **Кол Николај**, претседател на Конфедерацијата на албанските синдикати во чии рамки функционира и пензионерската организација. Поздравни телеграми на свеченоста беа прочитани и од претседателите на Сојузите на здруженијата на пензионери од Србија и Црна Гора, **Ѓуро Периќ и Бранко Вешовиќ,** како и од досегашниот претседател на словенечките пензионери **Антон Донко**.

Плакети беа врачени и на градоначалниците на општините Илинден и Петровец **Жика Стојановски и Борче Митевски**.

На свечената средба во ресторанот „Ханибал" големиот празник на сите пензионери од Република Македонија им го честиташе дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика **Диме Спасов** кој лично и во името на наградените со топли зборови се заблагодари на признанијата.

– Секогаш со задоволство присуствувам на манифестации и активностите кои ги организира Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. И во оваа прилика сакам да ја потенцирам нашата соработка. Министерството и во иднина ќе покренува проекти и програми од интерес на пензионерите и ќе ја продлабочува соработката. Од името на сите наградени Ви се заблагодарувам и од се срце Ви го честитам големиот јубилеј и високата награда „Повелба на Република Македонија" со која бевте денес одликувани од претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов. Вие ја заслужувате оваа награда како најактивна најмасовма невладина организација. Ви посакувам уште многу, награди, јубилеи, многу здравје и активно исполнето стареење, – рече покрај другото Спасов.

По повод 70–годишниот јубилеј на СЗПМ, на истакнати личности, на институции, на градоначалници и локални самоуправи, на здруженија на пензионери, на претседатели на ЗП и други активисти, им беа доделени вкупно 258 признанија од кои 96 плакети и 162 благодарници. Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** на сите наградени им честиташе посакувајќи им уште подобри успеси во иднина.

На крајот, јубилејот на сите пензионери на свој начин, со слика од „цвеќето на мирот" им го честиташе познатиот ликовен уметник и хуманист **Живко Поповски - Цветин.** Прославата се слеа во заедничко дружење со меѓусебни честитки и забава.

**Мендо Димовски**















## Одржани свечености по повод 70 години пензионерско организирање во Македонија

ЗП Битола

# Свечена академија по повод јубилејот

На 14 октомври, во салата на градската библиотека „Св. Климент Охридски“ во Битола, Здружението на пензионери одржа свечена академија по повод одбележување на јубилејот, седумдесет години пензионерско организирање во Битола. На свеченоста присуствуваа и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, претставници на општина Битола, претседателите на пензионерските здруженија од Демир Хисар, Крушево, Ресен и Прилеп, членовите на ИО и Собранието на ЗП Битола, како и делегација од збратименото Здружение од Врање, Република Србија.



– Точно пред седумдесет години во 1946 година, формирано е пензионерското здружение во Битола, во состав на синдикалните организации. Со текот на времето бројката на пензионери се зголемува и прераснува во силна невладина организација која денес брои преку 17 000 пензионери. Раководството со своите активности секојдневно се труди да ги реализира зацртаните задачи, во функција на подобрување на стандардот на пензионерите, – посочи претседателот на ИО **Томе Илиоски** во поздравното обраќање.

За годините на постанокот, развојот до денешни дни на СЗПМ, елаборираше претседателот на Сојузот **Драги Аргировски**.

– Главната цел на делување на СЗПМ е заштита и унапредување на пензионерските права, особено во последните децении. Во таа смисла СЗПМ остварува тесна соработка со своите членки, здруженијата во Република Македонија, релевантните владини структури и Владата, како и други организации поврзани со животот на сите пензионери. Свечената седница од името на градоначалникот и Советот на Општина Битола, ја поздрави и им го честита јубилејот и советничката на општина Битола, **Д-р Соња Трпезановска**, која ја истакна важноста од тесната соработка и понатамошно унапредување.

На свеченоста претседателот на СЗПМ, на претседателот на ЗП Битола и за градоначалникот му врачи плакети по повод 70 години пензионерско организирање во Македонија. Од страна на ЗП Битола им беа доделени признанија на СЗПМ и на пензионери – спортисти кои постигнаа најдобри резултати на спортските активности. На прославата се обрати и претседателката на пензионерите од Врање **Мирослава Трајковиќ** и со одбрани зборови им го честита јубилејот на збратимените битолчани, поздравувајќи го и присуството на претседателот и претставниците на СЗПМ.

Планските активности по повод јубилејот завршија со заедничка посета на културно историските знаменитости од страна на гостите од Врање и домаќините.

**Добре Тодоровски**

ЗП Прилеп

# Свечено одбележан големиот празник

11–ти Октомври, светиот ден за прилепчани, а и за сите жители на Р. Македонија, околу 500 пензионери од 26 Здруженија од цела држава, свечено го одбележаа со низа манифестации во ресторанот „Липа“.

По повод празникот Делегации од Собранието, од Владата предводена од министерот за одбрана Зоран Јолевски, од Сојузот на борците, од локалната самоуправа, како и повеќе здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и им оддадоа почит на загинатите борци во НОВ.



На свеченоста на пензионерите од многуте здруженија присуствуваше и претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски** кој на сите присутни пензионери им посака долг и здрав среќен живот. Им посака уште многу вакви заеднички средби истакнувајќи дека годинешново одбележување на овој голем празник се софпаѓа со одбележувањето и на 70–годишнината од пензионерското организирање во Македонија и 25 годишнината од осамостојувањето на нашата земја. При тоа, Аргировски за успешната и добра соработка со Сојузот, на ЗП Прилеп и на градоначалникот, Марјан Ристески им даде плакети за седумдецениското организирање на пензионерите од Македонија. Исто така плакета и благодарница му беше доделена на претседателот на ЗП Прилеп, Кирил Ѓорѓиоски, кој во својот поздравен говор укажа на добрата соработка со сите здруженија на пензионери во Македонија, а посебно со оние кои веќе по седми пат, традиционално се среќаваат на оваа единаесетоктомвриска средба во Прилеп, по повод Големиот ден за Македонија. За добрата соработка на ЗП Прилеп и ЗП Радовиш и Конче на претседателот на ЗП Прилеп му беше доделена Благодарница од страна на претседателот на ЗП Радовиш и Конче, Јордан Костадинов.

Оваа голема и значајна средба во Прилеп со своето присуство уште повеќе ја зголеми и министерот за одбрана на Македонија, **Зоран Јолевски** кој на пензионерите им посака долг и здрав живот и многу среќа.Тој ги поздрави и се ракува со скоро сите пензионери, при што беше направена и заедничка фотографија.

**К. Ристески**

ЗП Штип

# Доделување признанија за празникот

По повод 70 години од здружувањето на пензионерите и 75 години од кревањето на македонското востание за ослободување и осамостојување, на 11. 10. 2016 година во хотелот „Оаза“ се одржа свеченост на ЗП Штип и Карбинци, на која присуствуваа: градоначалникот на Штип прим. м–р Илчо Захариев, потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, претставници и претседатели на ЗП, институции, медиуми и заслужни пензионери.





Гостите ги поздрави претседателот на Здружението домаќин **Михаил Василев**, кој нагласи, дека, на овој убав празник, му даваме поголемо значење со доделување признанија од ЗП Штип, на градоначалникот на Штип, на СЗПМ, на членот на ИО на СЗПМ Александар Захариев, заменик претседателот на ИО Коста Штериев, кој ги додели останатите благодарници, на ЗП, заслужни соработници, истакнати пензионери и медиуми.

Потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**, во својот говор ја нагласи улогата на Сојузот во организирањето и поддршката на здруженијата на пензионери во рамките на СЗПМ, во спортот, во културата, во отворањето и изградба на домови и слично. Ако некогаш се започнало со околу 2500 пензионери, денес имаме 53 здруженија во оваа масовна асоцијацијата, нагласи Каровски. Потоа ги додели плакетите од СЗПМ, на градоначалникот на Штип Илчо Захариев, на претседателот на Здружението Михаил Василев и на членот на ИО на СЗПМ Александар Захариев.

Градоначалникот м–р **Илчо Захариев**, со честитки за празникот, изрази благодарност за доделената плакета, за соработката со пензионерите и ја нагласи поддршката од ЛС на активностите на пензионерите, во отворањето клубови и изградба на пензионерскиот дом.

Во утринските часови, многу пензионери продолжувачи и поддржувачи на боребените традиции, учествуваа во полагање свежо цвеќе на Могилата на непобедените на Исарот, а потоа во организација на СБМ во Штип, со свечена академија се одбележаа 75 години од кревањето на македонското востание за ослободување и осамостојување. Реферат за значењето на празникот поднесе претседателот **Трендафил Атанасовски**, а за славната борба и жртвите, за развој на градот, за отварање на работни места, за младите и за подобар живот на возрасните, зборуваше градоначалникот Илчо Захариев.

**Цвета Спасикова**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Врачени признанија

Јубилеите се наша нераскинлива врска со минатото и обврска кон иднината. Тоа најдобро и на уверлив начин го потврдува одбележувањето на големиот 70–годишен јубилеј на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Под тој знак се одржа и 15–тата свечена седница на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите Солидарност – Аеродром, Скопје на 26 септември, што ја водеше претседателот на Извршниот одбор **Димитрија Богатиноски**. Тој, меѓу другото, истакна дека ЗП Солидарност е чест и гордост на македонските пензионери зашто се вбројува меѓу најдобрите и најактивни здруженија во Македонија. Неговите углед и резултати ги потврдуваат многубројните домашни и странски награди и признанија. Неговото место и значење во организираното македонско пензионерско живеење и дејствување ги дополнуваат и признанијата што му беа доделени по повод јубилејот. На седницата присуствуваше и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ кој ги врачи плакетите за истакнати активисти на Димитрија Богатиноски и Илија Глигоров, на Клубот на љубители на книгата и за истакнати активисти Стамен Филипов и Милорад Ристевски.



**В.Т.**

ЗП Куманово

# Достоинствено за големиот јубилеј

Со свечена Академија, што се одржа на 14 септември годинава во салата на Младинскиот културен центар, ЗП Куманово успешно и достоинствено го одбележа јубилејот 70 години од пензионерско организирање во Куманово. Во присуство на повеќе гости, меѓу кои и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалниците на Општините Куманово и Старо Нагоричане, Зоран Дамјановски и Милован Стојковски, претставници од повеќе здруженија од државата и од соседна Србија, пригодно обраќање имаше претседателот на кумановските пензионери, **Спирко Николовски**.



– Ако во првите години од основањето ЗПК го трасираше својот пат, а потоа следеше период на програмирани активности, во последните 10 години успеа да се етаблира во едно од најорганизиираните Здруженија во нашата држава.

Првиот човек на СЗПМ, **Драги Аргировски** секогаш за своето родно Куманово има пофални зборови, а посебно е горд на кумановските пензионери, истакнувајќи дека ЗПК е едно од најактивните во државата, со функционирање на бројни секции, единствено со драмска работилница, која бележи успеси и надвор од државата. Од него треба останатите Здруженија да учат, зошто тоа е пример како треба да функционираат невладини организации и да остваруваат извонредна соработка со разните чинители во локалната заедница. Градоначалникот на Општина Куманово, **Зоран Дамјановски** подвлече дека соработката со локалната самоуправа и Здружението се одвива на високо ниво и не го криеше своето задоволство од функционирањето на ЗПК, зашто тоа е културен амбасадор на градот и е една од најактивните невладини организации. Честитајќи им го јубилејот 70 години активно пензионерско постоење, Дамјановски на сите пензионери им посака долг и среќен живот, а успесите да им се множат во иднина. На свечената Академија од страна на СЗПМ и ЗПК Куманово на најуспешни пензионери и соработници, на претставници од Општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане им беа доделени благодарници, признанија и плакети. За особен придонес во развојот на пензионерското организирање, Сојузот со плакети врачи на градоначалникот Зоран Дамјановски, на Спирко Николовски,на Мирко Макрешански и Љубица Кузмановска, додека ЗПК Куманово врачи 81 признание на најзаслужните активисти. Свој придонес во одбележување на јубилејот 70 години постоење дадоа и членовите на КУД „Ѓоко Симоновски“, кои за оваа прилика подготвија богата културно уметничка програма.

**Јасмина Тодоровска**

ЗП Чаир

# Свеченос по повод јубилејот

Во ЗП Чаир, на 17.10.2016 година се одржа пригодна свеченост, на која, беа доделени плакетите и признанијата, од СЗПМ по повод одбележувањето на 70 години пензионерско организирање во нашата земја. Најнапред, со пригодни зборови свеченоста ја отвори **Ментор Ќоку**, претседател на ИО на Здружението, поздравувајќи ги присутните и ги искажа успесите на здружението во остварувањето на програмските цели и активности.

– Нашите програмски регулативи, оваа година, се насочени кон организирање на активности, а во знакот на 70 годишниот јубилеј, за подобрување на животниот квалитет на пензионерите. Правиме напори за создавањето услови за нивно присуство надвор од домовите, на прошетки, забави, спорт и друго.

– Признанијата покажуваат кои сме и што сме, дека работиме. Сите сме заслужни за тоа што застанавме на здрави нозе. – нагласи во своето обраќање, претседателот на Собранието при ЗП Чаир, **Исен Зекири**.

Потоа, Исен Зекири, ги додели јубилејните плакети на: градоначалникот на општина Чаир, **Изет Меџити**, кој не беше присутен, но е формирана комисија која ќе му ја додели плакетата и на **Ментор Ќоку**, за успешно раководење со здружението. Признание беше доделено и на ЗП Чаир, и на **Нурие Кадриу** и **Надежда Давчева,** како истакнати активисти. Од името на наградените се заблагодари Нурие Кадриу, која рече:



– Овие признанија ни даваат поттик, за наше поголемо ангажирање. Им се заблагодаруваме на СЗПМ и на тие што се сетиле на нас.

Свеченоста помина во работна и релаксирана атмосфера, достојна на големиот јубилеј.

**Васил Пачемски**

## Одржани свечености по повод 70 години пензионерско организирање во Македонија

ЗП Струга

# Одбележани два јубилеја

ЗП Струга со свечана академија ги одбележа двата големи јубилеја – 70 години од пензионерското организирање во Македонија и 65 години од формирањето на Здружението. Свеченоста беше одржана на 20 септември на Денот на формирањето на струшкото здружение, а на истата присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, претседателот на



Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, делегации од збратименото ЗП Крушево, од ЗП Охрид и Дебрца, Дебар, Битола, Македонски Брод, Демир Хисар, Кичево, Прилеп, Ресен, Вевчани, Лабуништа, претставници на Општинскиот Црвен крст Струга, преставници од Општинската организација на борците и други гости и граѓани.

Во поздравното обраќање претседателот на ИО на ЗП Струга **Милорад Трпоски** зборуваше за историскиот развој на здружението како и за активностите во сите области, и за соработката со локалната самоуправа. Вообичаено пригодно обраќање по повод 70 годишнината од пензионерското организирање и Денот на македонските пензионери имаше претдседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој покрај другото рече дека оваа година на СЗПМ му беше доделена највисоката награда „Повелба на Република Македонија“ која му ја врачи претседателот на РМ Ѓорге Иванов.

Честитки по повод двата јубилеја упати и претседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста.

Потоа од СЗПМ беа доделени признанија на ЗП Струга, на претседателот Мирко Трпоски и на Лиман Положани, поранешен претседател на здруженеието. Исто така, ЗП Струга додели признанија и благодарници на истакнати личности, институции, активисти за успешната работа и развој на здружението, за особен придонес во развојот на пензионерското организирање на Македонија 1946 –2016.

Пригодната културно – уметничка програма беше збогатена со настапот на пејачката група „Езерски бранови“ и младата играорна албанска група „Зраците на Струга“. Свечената академија заврши со врачување уметничка слика со мотив од Струга за СЗПМ Драги Аргироски, за неговото ангажирање во Сојузот.

**С. Кукунешовски**

ЗП Крушево

# Величевствена прослава на јубилејот



Во скромен, но величевствен амбиент, во преполната сала во Пензионерскиот дом, на 23.09. 2016 година, ЗП Крушево одржа свеченост посветена на јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија и 50 години на ЗП Крушево.

Како гости на свеченоста присуствуваа: секретарот на ИО на СЗПМ, Станка Трајкова; членот и заменик на претседателот на Советот на општина Крушево, д–р Лидија Кардула Маркоска; раководителот на Подрачната единица на ФПИОМ, Методија Котески; секретарката на ОО на ЦК, Софија Николоска; претставници на соседните Здруженија од Прилеп, Битола, Ресен и Демир Хисар, како и делегација на збратименото Здружение од Струга, предводени од претседателот Мирослав Трпкоски.

Присутните ги поздрави и на гостите им посака пријатен, претседателот на Собранието, Никола Атанасоски, а кратко излагање по повод „70 години од пензионерското организирање во Македонија и 50 години од пензионерското организирање во општина Крушево”, поднесе претседателот на ИО, Глигор Ангелески.

Од името на СЗПМ, на присутните им се обрати секретарот на ИО на СЗПМ, Станка Трајкова, која ги истакна најзначајните активности кои по повод Јубилејот ги реализира Сојузот, и искажа пофални зборови за работата на ЗП Крушево.

Во своето излагање, заменик претседателката на Советот на општина Крушево, д–р Лидија Кардула Маркоска, ги поздрави присутните. На крајот, секретарот на Здружението, Димче Трајкоски, ја прочита Одлуката на ИО со која на 18 пензионерки им беа доделени благодарници за постигнати видни резултати на спортски, културен и хуманитарен план, како и на Советот на Општината, на Подрачната единица на ФПИОМ, на ОО на ЦК и на соседните Здруженија. Свеченоста продолжи со заедничка веселба со музика, песна и ора.

**Г. Ангелески**

ЗП Охрид и Дебрца

# Признанија за најдобрите

Претставници на раководството на ЗП Охрид и Дебрца и околу 100 спортисти и фоклористи, беа примени од локалната самоуправа на Охрид, при што се сретнаа со заменик–градоначалникот Ангел Јанев, претседателот на Советот на Гордана Коњаноска и членот на Советот, Климе Шешо. На приемот за успесите на ЗП Охрид и Дебрца во 2016 година зборуваше претседателот на ИО **Ѓорѓи Трпчески**, кој нагласи дека годинава здружението има постигна најдобри резултати во своето 66 годишно постоење. Трпчески ги истакна успесите на културен, и на социјален план, со акцент на освојувањето на првото место по шести пат на РСИ, настапот на КУД “Далги“ во Битола каде што беше донбиено признание за најдобра пејачка група во негување на старо-градскиот мелос. Плакети по повод јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија добија



Ѓорѓи Трпчески и Ристо Тајкоски, а признанија Зоре Мицкоски, Благица Маркулеска и Блаже Србиноски – Цапе, кои. им ги врачи претседателот на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца, д–р Димитар Спасески. Во оваа пригода се обратија и пофални зборови за Здружението искажаа заменик–градоначалникот **Ангел Јанев** и претседателот на Советот **Гордана Коњаноска**, при што на сите им го честитаа јубилејот на СЗПМ.

**К. Спасески**

ЗП Пробиштип

# Лесново неодминлива дестинација

На 21–ви септември, денот на големиот православен празник „Мала Богородица“, ЗП Пробиштип го организираше традиционалниот пикник на зелено во Лесново, каде се наоѓа еден од најстарите, најубавите и културно највредните светилишта во општината и пошироко. Уште во раните утрински часови со автобуси, минибуси, комбиња и други возила, околу 8000 пензионери од 35 градови на Македонија пристигнаа во Лесново. Љубителите на убавата музика се сместија од другата страна на манастирот на селското игралиште каде што можеа да пејат, да играат и да се веселат придружувани од групата Еуфорија. Денот беше искористен и за заедничка средба на претседателите, секретарите и другите претставници на ЗП на која се разменија корисни искуствата и мислења. На присутните прв им се обрати претедателот на ЗП Пробиштип **Груица Манасијев** кој им се заблагодари на сите што нашле време да дојдат и да бидат дел од ова незаборавно дружење кое долго ќе го паметат. На гостите им се обрати и градоначалникот на Пробиштип **Тони Тоневски** кој им посака многу здравје, долг и среќен живот и уште многу вакви дружења, преку кои не само што се градат мостови на пријателства, туку пензионерите убаво се забавуваат и рекреираат. Кажувајќи за манастирот, којшто датира од првата половиона на 14–от век, ова светилиште тој го нарече вистински бисер на општината, но и на Македонија. Притоа изрази задоволство што е меѓу пензионерите токму на овој православен празник и рече дека е воодушевен од средбата и начинот на организирање вакви манифестации и дружења кои треба да бидат пример за помладите генерации.



Од име на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македоонија, гостите и учесниците на пикникот во Лесново ги поздрави и потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**. Тој го потенцираше значењето на ваквите средби за припадниците на третата животна доба, бенефитот од ваквото дружење и се поголемото присуство на пензионерите на овие средби. Во оваа пригода потпретседателот Каровски на градоначалникот на општина Пробиштип Тони Тоневски му ја врачи плакетата која му беше доделена по повод 70 годишниот јубилеј од пензионерското организирање во Македонија.

**М. Здравковска**

ЗП Радовиш и Конче

# Достојно одбележување

Со звуците на Македонската химна започна свечената програма со која пензионерите од ЗП Радовиш и Конче се вклучија во одбележувањето на двата значајни јубилеја: 25 години независност и 70 години од пензионерсото организирање во Македонија. Свеченоста се одржа на 27 септември 2016 година под покровителство на градоначалникот на општина Радовиш **Сашко Николов**. За јубилеите говореше претседателот **Јордан Костадинов.** Во името на градоначалникот на општина Радовиш, присутните ги поздрави **Игор Чапов** кој ја пофали работата на здружението и на истото му врачи Плакета во знак на благодарност за добрата соработка. Исто така градоначалникот на општина Конче **Благој Јованов** во својот поздравен говор го истакна задоволството од постигнатите резултати и досегашната добра соработка и на здружението му врачи златна Плакета.



Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** на присутните пензионери им ги честита јубилеите, а потоа зборуваше за постигнатите успеси и за развојот на пензионерското организирање во Македонија. За посебен придонес во развојот на пензионерската организација во земјата, врачи плакети и признаниа, како и по еден примерок од печатената книга „Аргументите ја осветлуваат вистината“.

Претседателот Јордан Костадинов им врачи благодарници на: ЗП Прилеп, ЗП Кочани, ЗП Штип и Карбинци, како и на повеќе институции, организации и истакнати личности од општините Радовиш и Конче.

Во рамките на свеченоста беше изведена и пригодна културно уметничка програма со учество на пејачки и музичари од КУД Пензионер – Радовиш. На задоволство на сите присутни беше создадена пријатна и весела атмосфера со песна и оро, а за оваа прекрасна манифестација се погрижи раководителот на музичката група Златни прсти, Никола Јованов.

**Љ. Младеновска**

ЗП Велес

# Прославен празникот на револуционерната борба

На 23 октомври Здружението на пензионери – Велес организираше забавна вечер за своите членови. Забавата ја удостоија градоначалникот на Велес м–р Славчо Чадиев, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски претседателот на Советот на Општина Велес, Александар Колев и претставници на ЗП Штип и Карбинци и ЗП Лозово. Пред полната сала забавата ја отвори претседателот на ЗП Велес, Веле Алексоски, кој откако ги поздрави гостите им се обрати на присутните:

„Повод на нашата забавна вечер е 123–годишнината од формирањето на МРО – Македонска револуционерна организација што се случило на денешен ден 1903 година во Солун. Со одлука на владата на суверена и независна Македонија овој датум е прогласен за државен празник – Ден на револуционерната борба.



Присутните ги поздрави и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски:

„Денес го прославуваме Денот на македонската ревоилуционерна борба, но повод за прослава е исто така и 70–годишнината од основањето на пензионерското организирање во нашата земја. Овој голем јубилеј заслужува вакви прослави и среќни мигови на пензионерите и затоа најзаслужните ги наградуваме со плакетии признанија. Ви посакувам убава забава, долг и среќен живот. Да ни е жива татковината.“

Претседателот Аргировски им ги врачи плакетите за особен придонес во развојот на пензионерското организирање во Македонија на градоначалникот Чадиев, на претседателот на ЗП Велес Алексоски и на членот на ИО на СЗПМ Олга Новачева.

Забавата започна со револуционерната македонска песна „Ја излези Ѓурѓо“, а за заврши со песните посветени на градот Велес исполнети од пензионерот Трајче Ламњов.

**Нада Алексоска**

ЗП Македонска Каменица

# Горди на своите успеси

На 19 септември 2016 година ЗП Македонска Каменица во Ресторанот „Саса“, во присуство на повеќе од 280 пензионери и гости од



Делчево, Пехчево и Кочани свечено го одбележаа Денот на пензионерите со музика, ора и песни. Овој празник се совпадна со големиот јубилеј, 70 години пензионерско организирање во нашата земја и 25 години независна и самостојна Р.Македонија. Овој јубилеј беше повод ИО на СЗПМ да донесе одлука покрај достојните одбележувања на сите манифестации на ЗП да бидат доделени и голем број признанија и Плакети за успешна соработка со институции, градоначалници, здруженија, истакнати активисти, културни друштва, спортисти и друго. Расположението беше надополнето со доделувањето на четирите награди од СЗПМ. Од името на Сојузот, членот на ИО на СЗПМ, **Ѓорѓи Серафимов** на добитниците присутни на свеченоста им ги врачи признанијата и тоа: плакета на градоначалникот на општина Македонска Каменица д–р Дарко Митревски за успешна и плодна соработка со ЗП Македонска Каменица, потоа беше врачено и признанието на здружението и за претседателот Видан Коневски. – Ова признание не задолжува со уште поголем елан да ги извршуваме задачите и да ги прошируваме активностите и проектите во иднина – рече меѓу другото Коневски.

Со големо задоволство Серафимов го врачи и четвртото признание на КУД „Разиграни Каменичани“, кои достоинствено со љубов и голема креативност го презентираат народниот мелос на ора и песни од Пијанечкиот крај како и колоритните носии на фестивалот „Трета животна доба“ во Љубљана.

На свеченоста сите присутни не го криеа задоволството, па дружењето и песната доби уште повеќе на интензитет и траеше до доцните часови.

**Павлина Ѓеорѓиева**

СЗПМ активен учесник на Фестивалот за трета животна доба 2016 во Љубљана

# Меѓународна размена на искуства во интерес на пензионерите

Оваа година, како и претходните шест, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, учествуваше на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, кој се одржува по повод 1. октомври, Европскиот ден на старите лица. Овој Фестивал се одржува веќе шестнаесет години со богата и разновидна програма во неколку области, како што се: научни и стручни предавања и дискусии поврзани со многу прашања од пензионерското живеење, културно–уметнички случувања, саем поврзан со потребите на старите лица, како и средби и други облици на соработка помеѓу пензионерски сојузи и здруженија. Оваа година посебно случување во рамките на Фестивалот беше Свечената академија по повод 70–годишнината на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија (ЗДУС). На овој престижен Фестивал годинава учествуваа: делегација од СЗПМ и културно–уметничките друштва од ЗП Битола и ЗП Демир Хисар, како најдобро оценети на Републичката ревија на песни, музика и игри во 2016 година.

Учеството на културно–уметничките друштва од ЗП Битола со хорот „Сирма Војвода“ и од ЗП Демир Хисар со игроорната група оставија посебен белег во активностите на Фестивалот. Тие беа единствените странски учесници на 8–та вечер на песни и игри. Нивните настапи ја одушевија многубројната публика во Линхартовата дворана во Цанкаревиот дом. Силен впечаток друштвата оставија и со уметничките програми кои ги изведоа на отворена сцена во два термина. Како и претходните години, традиционално и оваа година македонските културно–уметнички друштва одржаа концерт во старскиот дом Фужине во Љубљана. Корисниците на домот беа одушевени од програмата и изведбата. На крајот некои од нив го заиграа македонското оро заедно со игроорците.

По посебна покана од ЗДУС, на Свечената академија, на која пригодни обраќања имаа претседателот на ЗДУС Јанез Сушник и претседателот на Владата и покровител на Академијата д–р Миро Церар, присуствуваа и претставници од СЗПМ. Ова беше и возвратна официјална посета на која домаќините посебно се заблагодарија за поканата и нивното учество на Свечената академија на СЗПМ, која се одржа исто така во септември оваа година.

Делегацијата на СЗПМ предводена од претседателот Драги Аргировски, заедно со Томе Илиоски, претседател на ЗП Битола, Пере Петрески, претседател на ЗП Демир Хисар, Ристе Трајкоски, член на ИО на СЗПМ од Охрид, Илија Глигоров, член на Комисијата за меѓународна соработка при СЗПМ и Томче Стојков, селектор и режисер, во Љубљана оствари неколку значајни средби со раководни органи и поединци од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија (кој на словенечки јазик ја користи кратенката ЗДУС) и од други државни и невладини институции. На овие средби посебно стана збор за меѓусебната билатерална и поширока соработка во областа на пензионерската проблематика. Се разговараше за заложбите и искуствата во унапредувањето на статусот и стандардот на пензионерите во двете држави во рамките на европските насоки. Остварен е и прием и разговор со претседателот на Владата на Словенија **д-р Миро Церар**, кој искажа големи пофалби за континуитетот на заемната досегашна соработка помеѓу двата сојуза и за седумгодишното активно учество на македонските пензионери во програмите на Фестивалот во Љубљана. Делегацијата ја прими и **Јанез Сушник**, претседател на ЗДУС, заедно со неговите соработници, при што се разговараше за повеќе актуелни теми од активностите и организацијата на двата сојуза на пензионери. Беше речено дека и во пензискиот фонд на Словенија е присутен проблемот со недостиг на средства за месечна исплата на пензии, па поради тоа се зголемува трансферот на финансии од буџетот на државата. Се разговараше за партнерство во повеќе меѓународно–финансирани проекти преку кои ќе се добијат поволности за пензионерското живеење. Претседателот на СЗПМ ја повтори иницијативата за организирање и одржување на Балкански пензионерски фестивал на песни, музика и игри, кој би се одржал во Скопје, со партнерство со повеќе земји од регионот. Во разговорите големо значење се даде на развојот на меѓународната соработка на двата сојуза. За збогатување на оваа соработка особено се заложија претседателката на Комисијата за меѓународна соработка на ЗДУС Јожица Пухар и членот Марјан Шифтар кои се и поранешни амбасадори на Република Словенија во нашата држава. Македонската делегација организираше посебна средба на која беа доделени плакети од СЗПМ по повод својата 70–годишнина, а наедно и пригодни подароци. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, официјално им врачи плакети и книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“ на: Антон Донко, претходен претседател на ЗДУС, Андреј Јус, потпретседател на Претседателството на Фестивалот и на Марјан Шифтар, потпретседател за меѓународна соработка. СЗПМ со нив успешно соработува скоро една деценија. На средбата присуствуваше и сегашниот директор на Фестивалот Тихомир Ковачиќ кој го овозможи престојот во Љубљана со потребната финансиска поддршка. Во пријатната атмосфера и другарување, во оваа прилика својата благодарност и одушевување од учеството на Фестивалот ја искажаа Томе Илиоски и Пере Петрески во името на здруженијата кои ги претставуваат.

Како награда за вложениот труд и многу успешното претставување на македонските песни и игри учесниците од Република Македонија добија бесплатно разгледување на Љубљана со туристички автобус, како и излет и разгледување на Блед, Опатија и Риека што ќе им остане во долго сеќавање.

**Илија Глигоров**

























ЕКСКЛУЗИВНА ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Безгрижно
чекориме кон иднината
Осигурување за целото семејство
Бидете носител на осигурувањето на било кој член од вашето потесно семејство.
Полиси на рати
10 еднакви рати без камата, со административна забрана на пензијата.
Голем број осигурителни продукти
Осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско-осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според вашите потреби.
Продажна мрежа
Полисите можете да ги купите само во подружниците на Сава Осигурување и експозитурите на НЛБ Банка.
Едноставна процедура
Дојдете во некоја од продажните локации, со себе носете чек од пензијата и лична карта, а потоа потпишете ја полисата со пропратната документација.
Сите останати процедури се обврска на Сава осигурување и Фондот на ПИОМ.
ФПИОМ
www.piom.com.mk
СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
www.szpm.org.mk
24 часа поддршка за клиенти
02 5101 500
SAVA OSIGURUVANJE
За секој случај!
www.sava.mk

ЗП Крива Паланка

## Одбележан денот на ослободувањето

На 06.10 2016 година Советот на општината Крива Паланка одржа свечена седница по повод Денот на ослободувањето на градот. На седницата беа присутни градоначалникот Арсенчо Алексовски, делегација од Логуш – Романија, претставници на Собранието на РМ, претставници од ЗП Крива Паланка и други гости и граѓани.



Градоначалникот Арсенчо Алексовски ги поздрави присутните честитајќи им го празникот, при што ги истакна активностите и успесите на општината. Осмооктомвриска награда оваа година им беше доделена на истакнатиот археолог Цоне Крстевски, кој во својот четириесет годишен ангажман има голем придонес во културата, а посебно во археологијата и формирањето на Градскиот музеј, како и на Средното општинско училиште, гимназијата „Ѓорче Петров“ од која излегуваат многу образовни и квалитетни кадри.

Претседателот на ЗП Крива Паланка **Славко Стојановски** се обрати во име на пензионерите на двете општини Крива Паланка и Ранковци. Тој најпрво ги поздрави присутните гости и рече дека е горд што во име на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски ќе му додели плакета на градоначалникот Арсенчо Алексовски за посебна соработка со пензионерите.

По повод чествувањето на празникот беа пуштени во употреба два патни правци: рурален пат во с. Жедилово и патниот правец кон манастирот Св. Јоаким Осоговски, таканаречен „Руски пат“. Во ЛУ Градски Музеј Крива Паланка беше отворена изложба на фотографии од Ѓорѓи Костовски.

**Благица Стојчевска**

ЗП Демир Хисар

## За градоначалникот плакета од СЗПМ



Демир Хисар е една од општините во Република Македонија којашто во континуитет од неколку години, посветено и со голем интерес ги следи и поддржува активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Поддршката што се демонстрира преку најразлични форми, резултираше со учество на демирхисарските пензионери на 16. Меѓународен фестивал за „Трето животно доба“ што неодамна се одржа во Република Словенија. Со ова гостување, демирхисарската пензионерска машка фолклорна група, достојно и репрезентативно ја претставуваше Република Македонија.

Ова, покрај другото беше речено на протоколарниот прием што градоначалникот на Општина Демир Хисар, **Љупчо Блажевски** на 13 октомври 2016 година го организираше за претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, **Драги Аргировски** и претставниците на општинското пензионерско здружение.

Претседателот Аргировски, заблагодарувајќи се за поддршката и исклучителното лично залагање и придонес на градоначалникот, рече дека неговиот позитивен однос е најдобар и најоригинален пример којшто треба да се следи и пофали.

Во знак на благодарност и признание за големиот придонес, а по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија, претседателот Аргировски на градоначалникот Блажевски му врачи Плакета. Притоа тој изрази надеж дека соработката ќе продолжи во двонасочен правец.

Како признание за вонредниот ангажман и лични заслуги, градоначалникот Блажевски, на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, му подари голема икона со ликот на свети Архангел Михаил изработена од демирхисарскиот сликар Љубе Неделковски Бобек.

**Зоран Стевановски**

ЗП Демир Капија

## Свеченост по повод 20. септември



Празникот на пензионерите 20 септември и 70 години од пензионерското организирање во РМ, ЗП Демир Капија го одбележа свечено. По овој повод, Активот на пензионерките при здружението ја посети детската градинка „Борис Трајковски“ и им подари скромни подароци. На седницата претседателот на здружението **Благој Кавазовски** ги поздрави присутните и на градоначалникот на општина Демир Капија **Трајче Димитриев** му врачи плакета од СЗПМ. Градоначалникот се заблагодари и им го честита празникот, при тоа рече:

– Почитувани пензионери, ценети наши сограѓани од општина Демир Капија. Најпрво, ви го честитам денешниот празник, јубилеј по повод 70 години од пензионерското организирање и Денот на пензионерите 20 септември. Ми претсавува особена чест да ја примам оваа Плакета и ви се заблагодарувам за укажаната доверба и признание за постигнатите резултати и досегашната конструктивна и добра соработка. Вашето признание и поддршка ми значат многу. Вие знаете дека секогаш сум спремен за соработка со вас пензионерите, се трудам внимателно и темелно да ги следам и анализирам сите ваши предлози, сугестии, забелешки и препораки поврзани со активности и проекти за подобрување на севкупниот живот на граѓаните од нашата општина. Јас искрено се надевам дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина и дека ќе имаме можности успешно да реализираме и многу други заеднички проекти.На крај, ви посакувам уште многу вакви убави пензионерски денови, уште многу прослави и долг пензионерски живот.

**Петре Пашоевски**

## Две признанија за „Нова Македонија“ од СЗПМ



По повод големиот јубилеј 70 години од пензионерското организирање во државата, кој се одбележува годинава, Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија им додели две високи признанија на „Нова Македонија“ и на менаџментот на весникот. Признанијата во просториите на весникот ги врачија претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседателот на Комисијата за информирање при СЗПМ Калина С. Андонова, кои изразија задоволство од долгогодишната успешна соработка и улогата на првиот македонски дневен весник во пробивањето на информативниот мрак во областа на пензионерското организирање, но и генерално за значењето што весникот го има во државата. Од страна на „Нова Македонија“ беше истакнат придонесот на пензионерите со своето искуство и интелектуален капацитет за заедницата и општествените текови како и длабоката поврзаност, синергија и меѓусебната доверба низ годините меѓу пензионерите и весникот. Во „Нова Македонија“ почнувајќи од 2005 година досега континуирано се објавува месечниот прилог „Пензионерски видици“ со информативни содржини од сите области на пензионерското живеење.

Видувања од Ресен

## Јубилејна 2016 година - гордост за пензионерите

Изминува 2016 година која ќе се запамети по многубројните активности што беа реализирани од пензионерите во здруженијата на пензионери во координација и под раководство на СЗПМ на чие чело е познатиот новинар и публицист, претседателот Драги Аргировски.

Се случуваше во кус временски интервал да бидат организирани и со голем успех реализирани повеќе пензионерски манифестации како на пример: фолклорни ревии, спортски натпреварувања, дружења, екскурзии, работилници, посети, трибини, дебати, предавања, издавање на весници, книги, часописи и што уште не, но и активно присуство и учество во целокупниот јавен и општествен живот во земјата. За да ги наредам сите реализирани активности треба многу простор, но и споменатите и оние кои не се поместени во овој напис, сите трајно ќе останат во нашата меморија.

Со право ќе речеме дека тоа што претседателот на СЗПМ не го направил во својот 40 годишен новинарски работен век, својата инвентивност, визија и богат интелектуален потенцијал, со силен елан и ентузијазам, го направи во овие 6 –7 години, но секако со наша поддршка и заедно со стручниот тим со кој работи и ги реализира идеите, чекорејќи напред по правиот и исправниот пат. Тој со своето искуство во раководење кое го стекнал додека бил на важни општествени и работни функции, за краток период успеа да ги вклопи сите 53 здруженија на пензионери членки на СЗПМ, како во работата на Сојузот, така и во нивно меѓусебно дружење, соработка, збратимување и слично. Тој го направи СЗПМ лидер во регионот преку соработката162,058 со Сојузите на пензионерите на другите држави од Балканот и пошироко.

Круна на сите активности беше одлично организираната Свечена академија посветена на јубилејната прослава за 70 години пензионерско организирање во Македонија под покровителство на претседателот на Р. Македонија д-р Ѓорге Иванов, кој на СЗПМ му ја додели високата награда „Повелба на Република Македонија“.

За сето негово ангажирање на почитуваниот претседател на СЗПМ Драги Аргировски едно големо благодарам кон него од страна на сите нас, пензионерите од Република Македонија без разлика во кој Сојуз членуваме. Голема благодарност за неговиот придонес за развојот и афирмацијата на пензионерите, за неговото залагање животот на оваа популација да биде поквалитетен и посодржаен.

**Претседател на ЗП Ресен**
**проф. Костадина Барандова**

ЗП Куманово

## Лидер во меѓународната соработка

ЗП Куманово е познато по развиени активности во повеќе сегменти на пензионерско организирање. Меѓу другото, значајно внимание посветува и на меѓународната соработка. На агендата е забележано дека првите контакти се остварени со клубот „Пет“ од Софија во 2004 година, преку кој се реализира редовна комуникација со Унијата на пензионери од престолнината на Република Бугарија.



Во периодот од 2008 година многу поразвиена соработка се имплементираше со повеќе пензионерски здруженија од нашиот северен сосед, Србија. Правин, соработката се интензивираше со збратименото ЗП Врање, а уследи размена на заеднички концерти, како во Врање, така и во Куманово. Пријателските средби и дружења во Врање овозможија да се прошири соработката со Зрењанин, Јабука и Качарево, потоа со Лепосавиќ во северно Косово, како и со Лесковац, Ниш, Смедеревска Паланка, Заечар и Прокупље. Листата на меѓународната соработка се збогати и со пензионери од Ѓаково и Фуркушевци од Република Хрватска. Слични контакти се остварени и со пензионери од нашиот западен сосед, Република Албанија. За пензионери и граѓани од Поградец е приреден целовечерен концерт во оваа градче на југот на Охридското Езеро, додека во Тирана концертот го следеа Сојузното раководство на пензионерите на Албанија и градските раководства од Тирана и од десетина градови од внатрешноста. Оваа листа ја дополнуваме и со историското учество на КУД „Ѓоко Симоновски“ на Европскиот фестивал во Љубљана, Словенија, каде што настапот со кореографијата „Биљана платно белеше на Охридското Езеро“, остави силен впечаток кај публиката.

Меѓународната соработка на пензионерите од Куманово дојде до израз и со одржувањето на фестивал на хорови што го доживеа своето издание на 12 јуни 2016 година. На оваа манифестација на хорско пеење, покрај хоровите од Прилеп, Кавадарци и Куманово, учествуваа и хористи од Ниш и Лесковац од Р. Србија и Сливен и Угарчин од Р Бугарија. Здружението на пензионерите од Куманово, е оргтанизатор и на Меѓународната средба на пензионери „Еко Хепенинг во славно Пелинце“, на која покрај пензионери од нашава држава, учествуваат и пензионери од Република Србија.

**Спирко Николовски**

Хуманитарна претстава

## „Викај ги среќа“

Во знак на хуманост и поддршка, на 7–ми октомври беше организирана театарската претстава „Викај ги среќа“, за која МНТ подели 50 билети за пензионерите, кои со своето присуство се придружија кон акцијата за помош на лицата заболени од Даунов синдром.

Имено, Центарот за Даунов синдром (ДСЦ), во соработка со МНТ и Министерството за култура, ја подготви оваа претстава во знак на одбележување на Интернационалниот ден на театарот, на 21 март 2016 година. Во претставата професионални актери и аматери со Даунов синдром, љубителите на театарот ги однесоа на една сонувана авантура за роденденот на Рики, младо момче со Даунов синдром. Сите заедно го славеа роденденот, но и денот на кој се потсетуваше дека во нашиот шарен свет има и лица со посебни потреби и дека и тие имаат право на подобри услови за развој и прифаќање во заедницата во која живеат. Режисери беа Златко Славенски и Кутриш Бектеши, а текстот го напиша Марија Котевска – Георгиевска.

Улогите ги толкуваа познатите македонски актери Б. Наков, А. Шијак и други придружувани од нивните нови „пријатели – актери“, патронот на Центарот, И. Ветерова, Г. Маринковски, F. Garett, Г. Трајчовска, Е. Петковска, И. Мерџановска, Л. Иванов, М. Силјановска, Е. Николовска, Леона и Луција Мантон и А. Фејзула. Со присуството на пензионерите уште еднаш се потврди дека се тие важен дел од секојдневните збиднувања и хуманитарните случувања. **С.Ц.В.**

**ПЕНЗИОНЕР плус**
**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IX – број 99
октомври 2016 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Груица Манасиев
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Мендо Димовски**,
заменик главен
и одговорен уредник;
**Членови:**
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Вадије Зендељи
Димитар Чавдаров

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

Четврти републички спортси натпревари на НСЗИТ на Македонија

# Спортување и дружење





На 15 овој месец во Охрид се одржаа четвртите по ред Републички спортски натпревари на Националниот сојуз на здруженијата на инвалидите на трудот на Македонија. На спортските натпревари кои ги отвори претседателот на Националниот сојуз на ЗИТ **Крсто Цанев**, настапија околу 100 спортисти од ЗИТ од Свети Николе, Радовиш, Струга, Дебар, Пробиштип и домаќинот Охрид. Тие се натпреваруваа во седум дисциплини.

Во дисциплината трчање на 60 метри за жени победи Охрид, на второто место Радовиш и на трето Охрид. Во трчање на 100 метри за мажи прв се пласира Пробиштип, втор Радовиш и трет Охрид. Во дисциплината фрлање ѓуле за жени најдобар успех постигна Охрид, потоа Радовиш и Струга. Во истата дисциплина за мажи најдобри беа Пробиштип, Радовиш и Охрид.

Екипата на Пробиштип беше најдобра со освоено прво и второ место во дисциплината скок од место, пред Свети Николе. Во дисциплината пикадо за жени првото место го освои екипата на Радовиш, пред Охрид и Свети Николе. Во дисциплината домино екипата на Свети Николе беше прва, второ место му припадна на Охрид, а трето на Пробиштип. Во дисциплината шах за мажи победи машката екипа на Охрид, на второто и третото место се пласира Струга. Во дисциплината табла екипата на Радовиш беше најдобра пред Дебар и Свети Николе.

На најдобрите поединци и екипи, како и на сите ЗИТ учесници на натпреварите, им беа врачени признанија. Спортските натпревари кои секоја година се одржуваат во различни градови, без оглед на најдобриот севкупен победник, завршија со заедничка веселба во хотелот „Далјан“ на брегот на Охридското Езеро.

**К. Спасески**

Трети спортски натпревари на инвалидските пензионери

# Успешни спортски натпревари

На 24–ти септември 2016 година во Штип се одржаа третите спортски натпревари помеѓу здруженијата на инвалидските пензионери од СЗИПМ. Учесниците се натпреваруваа во следните дисциплини: тегнење јаже, трчање на 50 метри, скок од место, троскок, фрлање ѓуле, пикадо, шах и табла .







На натпреварите учествуваа 80 пензионери и пензионерки од Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија, во чија организација се одржа оваа трета по ред спортска средба, која протекна во коректна спортска борба и натпреварувачки дух. Во мошне изедначена конкуренција, Здружението на инвалидски пензионери од Штип освои 6 први места од 8 дисциплини – мажи и 3 први места од 8 дисциплини – жени, како и 4 втори места од 8 дисциплини.

Здружението на инвалидски пензионери од Куманово освои 1 прво и 4 втори места.

Здружението на инвалидски пензионери од Прилеп освои 1 прво и 3 втори места. Здружението на инвалидски пензионери од Кавадарци освои 1 прво и 2 втори места, Здружението на инвалидски пензионери од Свети Николе освои 2 втори места и Здружението на Инвалидски пензионери од Велес освои 1 трето место.

Претседателот на СЗИПМ **Љубомир Јанев** на натпреварувачите со освоени први и втори места им додели дипломи, а посебни дипломи им додели и на претседателите на здруженијата за учество на натпреварите. Главен судија на натпреварите беше Димитар Папаров, истакнат спортски познавач на сите натпреварувачки дисциплини.

По прогласувањето на резултатите и доделувањето на дипломите, се одржа заедничко дружење во ресторанот „Изгрев“ во Штип, каде натпреварувачите искажаа пофални зборови за домаќинот со желба за понатамошно спортување и дружење.

**С. Михајлова**

ЗП Кратово

# 30 годишен јубилеј на спортски натпревари

На 28.09.2016 година во Кратово се одбележа 30 годишен јубилеј од првите меѓуопштински спортски натпревари, помеѓу ЗП Кратово и ЗП Кочани. Имено 1986 година во Кратово се одржаа спортски натпревари помнеѓу ЗП Кратово и ЗП Кочани, во чест на Раде Кратовче првоборец од Кочани (по потекло од Кратово). Од тогаш секоја година се одржуваат регионални спортски натпревари помеѓу ЗП Кратово, ЗП Кочани, ЗП Крива Паланка, ЗП Пробиштип. Пред неколку години наместо ЗП Кочани се приклучи ЗП Свети Николе.



И оваа година по трети пат се одржаа спортски натпревари помеѓу ЗП Кратово, ЗП Пробиштип, ЗП Крива Паланка и ЗП Свети Николе. Натпреварите ги отвори претседателот на ЗП Кратово Љупчо Ангеловски, а по завршувањето на натпреварите беа доделени јубилејни благодарници на поединци учесници на спортските натпревари како и благодарници за успешната соработка на ЗП Пробиштип, ЗП Кочани, ЗП Крива Паланка, ЗП Свети Николе како и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

На крајот беше организирано дружење и заедничка веселба.

**Методи Мишевски**

ЗП Охрид и Дебрца

# Охридски староградски средби

Неодамна во рамките на летните културни манифестации во Охрид се одржаа „Охридските староградски средби 2016“. На оваа музичка манифестација на која традиционално се изведуваат староградски песни и игри од Републиката, годинава настапија 10 ансамбли со околу 200 фолклористи, играорци и интерпретатори. Поголемиот дел од фолклорните групи беа од здруженијата на пензионери кои настапуваат на регионалните и Републичката фолклорна ревија на СЗПМ.

По свеченото дефиле низ старата охридска чаршија, музичките тајфи се слеаја во Центарот за културата „Григор Прличев“. За постанокот на староградската песна и нејзиното негување низ вековите зборуваше профессорот д–р Драги Поп Стефанија. Во името на Локалната самоуправа присустните ги поздрави и ја отворени манифестацијата заменик–градоначалникот на Охрид Ангел Јанев.



Со староградски рефрени и игри, во чија содржина е опеан копнежот кон неостварената љубов и носталгијата за времето на младоста, се претставија ансамблите КУД „Ѓоко Симоноски“ од Куманово и „Весела тајфа“ од Богданци, Градскиот хор и Орнаменти од Штип, „Вања Лазарова“, „Струшките бисери“, Градскиот тамбурашки оркестар од Кратово и пејачката група „Пере Тошев“ од ЗП Прилеп, ЗП Охрид и Дебрца и Градскиот хор. Најдобар настап и избор на староградски рефрени имаа ЗП Куманово и пејачката група „Весела тајфа“ од Богданци, кои со песните „Пусти мерак Ратке по тебе“ и „Бела гулабице“ приредија најубави и незаборавни впечатоци.

И годинашното 28–мо издание на „Охридските страоградски средби“ беше под покровителство на Министерството за култура на Македонија.

**К. Спасески**

ЗП Крива Паланка

# Спортистите пензионери кај градоначалникот

Градоначалникот на Крива Паланка Арсенчо Алексовски организираше прием за пензионерите учесници на 21–та Републичка спортска пензионерска олимпијада. Претседателот на ЗП Крива Паланка **Славко Стојановски** во поздравното обраќање му се заблагодари на градоначалникот за приемот, при што го истакна поводот и постигнатите успеси на спортските натпревари.

– Како што знаете екипата во кошарка – слободно фрлање на кош, го освои 1–то место и се добитници на златен медал. Во дисциплината пикадо жени, пензионерките од Крива Паланка го освоија второто место, но поголем успех е нашето учество на оваа олимпијада и дружењето со пензионерите од останатите делови од Републиката. Ваков успех имавме во 2006 година во Крани – Ресен (Преспанско Езеро). Тогаш женската екипа во пикадо го освои првото место, а Катица Борисовска беше прогласена за маестро во пикадо. И тогаш и сега сум многу горд на овие постигнувања со оглед дека сме мало здружение, – рече Стојановски.

Потоа градоначалникот **Арсенчо Алексовски** на победниците им ја честиташе победата, а на другите учесници им посака подобар успех во иднина. Тој нагласи дека секој успех на пензионерите е успех и на здружението, но и на општината и градот.

Претседателот на комисијата за спорт и култура **Благој Николовски** рече дека овие резултати се соодветни на можностите и вложениот труд во



подготовките на спортистите. Со тоа ја оправдуваме минатогодишната осмооктомвриска награда од градоначалникот Алексовски и локалната самоуправа. На оваа олимпијада имаме уште еден постигнат успех, а тоа е што успеавме да имаме и двајца претставници судии: Тодор Миленковски во дисциплината шах и Драган Ѓорѓиевски судија во кошарка – фрлање слободно на кош.

Сите учесници искажаа позитивни мисли за постигнатите резултати и се обврзаа на поголемо ангажирање во подготовките за наредните натпревари.

**Благица Стојчевска**

ЗП Дојран

# Одбележан Денот на старите лица

На 1–ви октомври 2016 година Здружението на пензионери организираше одбележување на интернационалниот празник – Денот на старите лица во клубот на пензионерите, при што претседателот на ИО **Боривој Бојаџиев** на членовите на Здружението и на старите лица им го честиташе празникот. На средбата присуствуваа и припадници на младата генерација, симболизирајќи го спојот помеѓу старите и малдите во општината.

Во поздравниот говор претседателот Бојаџиев ги истакна активностите и успесите на Здружението, кое оваа година посебно се афирмираше на спортското поле, такашто на Републичките пензионерски спортски игри, беа освоени и први места, посебно во пикадо и фрлање ѓуле. Исто така, тој истакна и други успеси и признанија за здружението, а ја нагласи и успешмната соработка со градоначалникот и локалната самоуправа.

Средбата заврши со другарување и размена на искуства, при што младите задоволни од приемот си отидоа со песна и со желба да има повеќе вакви дружења.Бездруго ова ќе биде земено предвид и при панирањето на активностите и подготовката на Програмата за работа на здружението за наредната година.

**Б.Б.**

# Порака до новите пензионери

Да одиш во пензија е природен ред на нештата. Одењето во пензија секој човек треба да го доживее со радост. Одењето во пензија треба секој да го посакува, бидејќи тоа е период кога ти е дозволено да си го креираш сопствениот живот по сопствена желба, се разбира во граници на можностите.Тоа е период кога ги нема оние стресни утрински брзања кон работното место. Ги нема обврските кои мора да се завршат во текот на работното време. Ќе рече некој дека работата му била задоволство. Можеби некому, но не на сите. Но многу работи можат да се работат и после пензионирањето. Таква работа е истражувањето, подучувањето, новинарството, медицина, право, сметководство, сите занаети и многу други професии кои дури можат да донесат и додатни приходи, бидејќи многумина се жалат дека пензиите не се големи. Токму во овој период може да се спои корисното со задоволството. А зошто забораваме на биолошкиот часовник. Ако човекот ги задржи своите физички и психички способности тоа е успех. Може цел живот да се учи. Да, но не со ист интензитет. Зошто да не им ги отстапиме работните места на генерациите што доаѓаат, на нашите деца. Нови генерации да се вградуваат и рализираат во животните токови. За жал тука се случува еден чуден феномен. Се разбира, не секогаш и секаде. Со време ги забораваат тие што биле пред нив и што им го почнале патот, мислејќи дека од нив и со нив сè почнува. Но...

Сепак, ние да се свртиме кон други нешта. Радост да ни биде што ќе можеме да шетаме, да пишуваме, да сликаме, да се занимаваме со сè она за кое сме немале време. Да патуваме, да се дружиме, да си ги најдеме заборавените пријатели. Да им ја пружиме целата грижа и љубов на нашите внучиња, желни за нашето присуство.

Се намалуваат примањата, па неможе да има сè во животот. Слободата има своја цена. Слободното време прави заштеди таму каде небило можно кога си вработен. Рака на срце и потребите не се исти. Помали се. Сè станува „трајно“ и крајно како и личната карта. Се свртува човек кон поинакви нешта. Кон удобности, кон спокојството, кон здравјето... Есента на животот треба да се обои со златни бои, а не со дожд од солзи и неспокој. Се свртува нова страница која може да се испишува со многу убави и интересни нешта. Зошто пензионирањето некои го сваќаат како крај, а не како почеток. Многумина ги создале своите најзначајни дела во третото доба. Периодот на третото доба е време на жетва, жетвата секогаш била поврзана со славење, со песна. Зошто немир, отпор, горчина, депресија. Се разбира сите не го доживуваат пензионирањето така, но затоа треба да се дружиме и да си ги разубавуваме деновите кои доаѓаат во разговор и размена на мислења и искуства.

**д-р Дина Бојкова**

За книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“ од авторот Драги Аргировски

# Достоинствено за јубилејот




Најновата книга на истакнатиот македонски новинар и публицист Драги Аргировски, претседател на СЗПМ доаѓа во вистинско време, поточно се јави, да покаже и докаже дека јубилејот 70 години на Организацијата, заслужува едно вакво издание, особено во ова време, кога се присутни различни шпекулации во врска со пензиите и пензиската политика во РМ. За волја на вистината, авторот Аргировски, во својата седма книга, посветена на пензиските прашања, недвосмислено и категорично подвлекува дека пензионерското здружување во нашата држава има свој историски континуитет од 70 години, а што ќе рече дека нашата Република Македонија, по конечното ослободување, изнајде и можност, за првпат во својата историја, да почне да доделува пензии на своите жители, заслужни за нејзината изградба.

Но, книгата на Аргировски има и еден полемички тон (а тоа е содржано и во нејзиниот наслов), затоа што авторот низ сите објавени свои текстови, но и во оние текстови што ги презема од на пример, ФПИОМ, како и некои кои се објавувани во весникот „Пензионер плус“, доволно и аргументирано одговара на сите негативни шпекулации и критики, кои доаѓаат со тенденција со назнака дека СЗПМ, во своите активности повеќе се занимава со фолклорни фестивали, отколку да се грижи за суштинските прашања, кои се однесуваат на стандардот на пензионерите, особено оние кои имаат ниски пензии. Ако се знае, а тоа добро се знае, дека СЗПМ на чело точно со авторот на оваа книга во изминатите неколку години придонесоа, пензиската проблематика во нашата држава да ја доживее својата ренесанса, односно пензионерите секоја година да имаат покачување на своите пензии и воведување на активности за вистинско и творечко живеење на македонските пензионери, тогаш сосема е јасно дека Аргировски во негов стил, но и со силината на аргументите што ги нуди, покажува и докажува дека јубилејот – 70 години на СЗПМ, има со што да се пофали, односно достојно да се обележи.

Книгата која има над 400 печатен страници (Б–5 формат), треба особено да се потенцира, претставува вистинска хроника на нашето пензионерско организирање и живеење и, претставува редок издавачки зафат, зашто во иднина не ќе може да се зборува, се разбира аргументирано за нашите пензионерски активности и за значително подобрување на стандардот на пензионерите со пониски пензии, преку бесплатаната бањска рекреација, бесплатен туристички викенд, бесплатен автобуски и железнилки превоз, намалување на цените на лекови, намалени цени за влезници за културни настани и слично.

Кога кон ова ќе се додадат поместените интервјуа што претседателот на СЗПМ ги има дадено во изминатиот перид за медиумите, кои се исклучително фундирани врз силните аргументи за нашата пензиска политика и остварени резултати, кога ќе се погледне и соработката со бројните институции, од кои секако предначи Министерството за труд и социјална политика, како и ФПИОМ, и за ЗОМ, и бројните искажувања по разни поводи, од кои најбројни се оние на отворањата на пензионерските спортски смотри и прослави и уште кога кон нив ќе се приклучи фактот дека книгата на авторот Драги Аргировски е исполнета со многубројни афтентични фотографии од самите настани, тогаш сосема е на место, ако кажеме дека пред нас е една ретко интересна и квалитетна реализирана книга како што е оваа, 20–та по ред на претседателот на СЗПМ.

На крајот да заклучиме, книгата е пишувана читко, разбирливо, интересно, топло, искрено и во духот на јубилејот, што е уште еден плус повеќе дека вакви и слични изданија треба да има почесто, затоа што со нив и преку нив се испишува нашата, аргументирана пензионерска историја и постоење.

**Стојан Кукунешоски**

Средба со познатата водителка, пејачка, актерка и поетеса, пензионерката Лилјана Стоилковска – Андовска

# Живот посветен на татковината



Лилјана Стоилковска – Андовска или драгата Лиле, како што многумина милуваат да ја именуваат, во родното Скопје од основно до високо образование со успех ги поминува сите скаклила на школувањето, а во Стокхолм – Шведска го надоградува своето знаење и се стекнува со титулата магистер – педагог. Всушност, таа во 2004 год ја „напушта“ својата матична земја и станува „иселеник“, но неизмерната љубов кон родната грутка и останува длабоко врежана во срцето. Патриотските чувства и носталгијата се дел од нејзината богата душа, за што со голем ентузијазам работи во тимот на Агенцијата за наши иселеници, а се со цел да го афирмира најубавото и највредното од Македонија и да ја зацврснува нишката со дијаспората.

Но, како Лилјана го изодува патот до Стокхолм? Уште во раните детски години, поточно во основното образование, го почуствувала поривот кон пишаниот збор, а го открива и талентот за владеење со сцената. Како во детските игри, кога се совладува некаква пречка со изреката „Мечка страв – мене не страв“, Лилјана со улога од делото „Мечка“ од А.П. Чехов, без страв се појавува на „штиците кои живот значат“ и на натпреварот во Нови Сад го освојува првото место.

– Тоа беше првата скала од моето сценско афирмирање во музиката, во водителството, во литературата... – вели Лилјана, на чие лице убавината од младоста оставила траги на незаборавот.

Ентузијазмот бил секогаш главен примат во нејзиниот секојдневен живот, па во далечната 1969 год. за продукциската музичка куќа „Југотон“ ја снима првата сингл плоча со ново создадени македонски песни. Понесена од виорот на младоста и убавината, егзистенцијалната определба и е спикерството и како спикер – водител минува долги години во националната МРТВ, но и како уредник на емисиите на програмата за нашите сонародници „Глас од татковината“.

Откако останува без својот животен сопатник, тагата и ја разнишала душата, но и овој голем удар Лилјана го надминува со уште поголема енергија и неизмерна љубов кон животот. Патотот на успесите продолжува со нејзиното поетско изразување „Разбудена биднина“, „Животот е фантастичен“, „Аксиос“, „Анатомија на љубовта“, „Македонијо љубов моја“... Кога се читаат нејзините творби се чуствува разгаленост и милина во срцето, во миговите на осамата се оживуваат спомените од младоста и наидува наплив на патриотски чувства и национална гордост. И, не е случајно што Андовска е добитничка на „Иселеничката грамота“ од Матицата на иселеници од Република Македонија за делото „Аксиос“, или пак наградата „Стојан Христов“ од Агенцијата за иселеници на РМ за стихозбирката „Анатомија на чувството“.

Во еден период од животот Лилјана е постојано на сцената, учествувајќи во театрите во Скопје („Необична жена“, од Нина Садурн), потоа активно соработува со алтернативниот театар „Чекори“. Неизбежна е и активноста со актерот Мите Грозданов, како и со познатата актерка – режисер Снежана Конеска – Руси, а во епизодни улоги се пронаоѓа во монодрамите „Тајните писма на Коста Солев Рацинз“, „Калуѓерка“ итн.

Разнобојниот богат колаж поради афинитетите кон музиката продолжува и со настапите на фестивалите: „Валандово“, „Цветници“, „Гоце – Фест“, а во 2015 год во МОБ, со Националниот ансамбл „Танец“ го одбележува својот 50–годишен јубилеј на сцената, именуван како „Оро, песни, стих и драма“.

Активностите продолжуваат до денденес и како пензионер во мисијата сега со задоволство што ја извршува. „Луѓе од целиот свет, запознајте ја Македонија, оваа држава и исконска земја на Балканот“ – ни го објаснува Лиле пензионерскиот ангажман, со солзи во очите, низ презентација, промоција и афирмација на културата на РМ, на традициите, на уметноста и на литературата. Љубовта кон татковината ја искажува со нејзината вклученост во проектот за чување на својот јазик, поддржан од Министерството за култура и од Агенцијата за иселеништво.

– Не го пуштам својот збор низ стрништата, како што вели големиот Коневски, ама го предавам од колено на колено, чувајќи го својот идентитет и својата земја од „разулавените коњи“. Кај и да сум, јас сум Македонка. Контактот со сонародниците продолжува во континуитет, – појаснува Лилјана, целосно посветена во зацврстувањето на мостот на македонската дијаспора.

Тоа што го прави Лилјана Македонија памети и и возвраќа. Всушност, таа стана и добитничка на наградата „Медал за заслуги“ што го добиваат истакнати поединци и организации од дијаспората за афирмација на Република Македонија во светот во сите области на општественото делување, во рамките на проектот на претседателот на РМ д–р Ѓорге Иванов „Македонија памети“. Скопската „швеѓанка“ Лилјана Стоилковска – Андовска во јули 2016 година во резиденцијата – вила „Билјана“ во Охрид, лично од претседателот Иванов го доби ова високо признание.

**Севастија Цветковска Сотировска**

# Сите сме едно

Осамени луѓе.
Секој ја носи својата судбина.
Раздвоени по ум и срце.
Осамени луѓе, раздвоени,
А сите сме Едно.
Во душата ни тлее потребата за блискост,
за топлина, за убав збор.
Кој на тоа не поттикнува?
Нашата Божествена природа,
која се наоѓа во нашите срца.
Што има таму?
Пламен создаден од Божја искра.
Од каде се вгнездила токму таму?
Кој ја всадил таа искра во нас?
Создателот. Креатор кого го нарекуваме Бог
Зошто го направил тоа?
Затоа што бескрајно не сака,
затоа што сите сме Едно.
Една голема душа посеана по падините,
по долините на Мајката Земја .
Безбројни светилки во ноќта на постоењето.
Заедно споени ја носиме светлината,
светлината на Новиот ден во Новиот свет
каде мирот и љубовта се единствени владетели!

**д-р Дина Бојкова, пензионерка од Скопје**

ЗП Прилеп

# Центар за пензионери во Варош

Дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов, заедно со градоначалникот Марјан Ристески деновиве го означи почетокот на градежните работи за адаптација и уредување на простор за потребите на пензионерите.

– Ги започнуваме градежните работи за реконструкција и адаптација на овој простор како Центар за пензионерите од Прилеп. Инвестицијата е целосно на Министерството за труд и социјална политика во износ од еден и пол милион денари. Од нив еден милион е за реновирање на просторот, а 500 000 денари се наменети за негово опремување. Очекувам овој простор да биде ставен во функција на крајот на оваа или во почетокот на наредната година, – истакна **Диме Спасов**.



Во врска со стандардот и подобрувањето на квалитетот на животот на пензионерите посочи дека покрај зголемувањето на пензиите, а зголемувањето на просечната пензија е вкупно за 70 проценти, како и годинашново зголемување што ќе се реализира во декември за 5 проценти, Владата во соработка со единиците на локалната самоуправа реализира и други проекти со цел на континуирано подобрување на животот. Тука е изградбата на приватни домови за стари лица, државен дом за старите лица кој го најавивме и секако, отворањето на повеќе дневни центри за пензионери каде тие ќе може да се дружат и да го поминуваат своето време.

Според прилепскиот градоначалник **Марјан Ристески** желбата била Здружението на пензионери да има свое катче во населбата Варош.

– Се инвестира во старата зграда на локалната заедница на најстарата прилепска населба Варош. Се реконструираа просториите од првиот кат и пензионерите ќе имаат свое катче. Заедно со здружението во Прилеп имаме отворено уште четири вакви канцеларии за потребите на пензионерите, што значи сите поголеми прилепски населби имаат пензионерски клубови. Покрај овој простор во Варош, до крајот на годината треба да се адаптира уште еден во старата населба Корзо за потребите на пензионерите, – потенцираше Ристески.

**Кирил Ѓорѓиески**, претседател на прилепското Здружение на пензионери, објасни дека ова е 11–ти пензионерски клуб во трите општини од кои има членови на здружението.

– За да работи едно Здружение треба да има свои простории. А една од целите е отворањето клубови. Такви простории последниве години имаме отворено повеќе, благодарение на соработката што ја имаме со прилепската локална самоуправа. Во Прилеп се отворени четири простори за пензионерите, а пензионерски простор имаме и во општините Долнени и Кривогаштани и во руралното населено место Тополчани во соработка со тие локални самоуправи, – рече Ѓорѓиески.

**К. Ристески**

# Така сакало да биде

Небото се навалило на полуоголените крошни по дрвата, сакајќи што побргу да ги истурка и неколкуте преостанати лисја со тивките дождовни капки за да го најави есенското пристигнување. Дедо Стојмир ги правеше своите први чекори на влезот во ходникот на Старскиот Дом, растреперен, како да му се враќаа нозете



наназад... Влегуваше во еден друг, оној „есенскиот“ дел од она што живот се вика. Покрај него веќе со сребрени коси одеше неговиот син со слични црти на лицето што ги позајмил од својот татко. Во неговиот поглед се наѕираше измешана тага, разочарување, чувство на вина... Подзастана, ја испружи раката, како да сакаше да го поддржи татка си, но старецот го почувствува тоа и незабележително се потргна, сакајќи да каже дека му е јасно и знае каде доаѓа. Од очите на старецот се стркала солза. Беше спакувал сè и цврсто го заклучил во коферот што го носеше син му зад него.Во него беа сите спомени од изминатиот живот. Го остави родното село каде ги мина најубавите години со својата убава сега покојна сопруга...

Го крева погледот кон синот и чиниш дека на миг му се лути, а потоа наедназ го гледа со поглед полн со топла татковска љубов. Неговите стуткани раце ги држи свиткани една врз друга како да сака самиот на себе да се потпре, стегајќи ги, како да ја собира преостнатата храброст, која секогаш ја имал уште од врмето кога служел војска во Титовата гарда. Неговите подгрбавени плеќи раскажуваат за товарот на животот во кој вредно ја работел секоја педа од нивите со кои се поздрави пред да замине. Се поздрави дедо Стојмир и со својата трошна куќичка со белите веќе напукнати ѕидови на кои ја остави да виси венчалната слика над креветот, се поздрави со дворот каде останаа стапките од неговите најмили. Пред да тргне се поздрави и своите уште двајца другари кои како и тој самуваа во селото. Во главата му се редеа разни мисли главно прашања: како ќе биде овде, ќе се навикне ли? На тагата му се надодаваше влијанието на лошото време...Се поздравија и се разделија таткото и синот секој со својата болка, а дедо Стојмир си рече самиот на себе: така сакало да биде.

Се влечат влажните есенски денови. Во Домот се собрала мала група на стари луѓе кои весело разговараат. Тука со нив е и дедо Стојмир со својот тивок глас им раскажува весели случки од својот живот на своите нови другари со кои веднаш почна да другарува... Неговиот син често го посетува оставајќи го зад себе она чувство на вина кое го носеше во душата кога го доведе својот родител во домот. Си мислеше дека секој почеток е тежок, но дека татко му ќе го разбере и ќе сфати дека така мораше да биде. Веруваше дека неговиот татко е силен и дека ќе успее да се справи и со ова премреже и дека ќе продолжи со мирен и спокоен живот и со тоа ќе си го оддалечи крајот кој му се беше приближил опасно додека живееше сам и болен во своето село.

**Р. Митиќ**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**

- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk

Контакт центар: 02 / 15-600

## ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ

## 40 - ДНЕВНА ПРОГРАМА СО ЧИСТ МАТИЧЕН МЛЕЧ




**ПРИДОБИВКИ ОД МАТИЧНИОТ МЛЕЧ**

- Зајакнување на функцијата на мозокот
- Заштита на црниот дроб
- Антивоспалително дејство
- Регенерирање на кожата
- Контрола на нивото на шеќерот во крвта

Матичниот млеч има силно антиоксидантно дејство, успешно го контролира нивото на холестерол, а само една лажичка дневно ја јакне способноста за апсорпција на калциумот што е клучно за остеопороза.



## РЕСВЕРАТРОЛ со витамин Ц

ПРИДОНЕСУВА ЗА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ИМУНИОТ СИСТЕМ

PHARMAVITAL




ГЕРМАНСКИ КВАЛИТЕТ ЗА ОДЛИЧНА ЦЕНА

ЗП Сарај

# Изборна седница

На 27.09.2016 година, Собранието на Здружението на пензионерите на општина Сарај, одржа седница под раководство на претседателот Баки Бакиу. На седницата на Собранието беа поканети и присуствуваа покрај членовите на Собранието, и членовите на Извршниот одбор и претседателите на ограноците. На седницата беа усвоени неколку акти: верефикуван е мандат на член за Собранието на здружението, избран е член на Извршниот одбор, избран е член на Статутарната комисија, донесена е одлука за пристапување кон измените и дополнување на Статутот и друго.



Претседателот на Собранието Баки Бакиу, на крај ги запозна членовите со потребата за финансиско учество со 6 денари по член за легализација на објектот во Катланово, за дадената финансиска хуманитарна помош од здружението за настраданите од поплавите во општина Гази Баба, за одземените финансиски средства од жиро сметката од страна на извршител од судскиот спор со здружението Карпош, за работата во Дневниот центар – Клубот на здружението и друго.

Веднаш по седницата на Собранието, седница одржа и Извршниот одбор на здружението на која за нов претседател на ИО на ЗП Сарај е избран Махир Дураку – досегашен секретар на здружението, а за делегат во Собранието на СЗПМ е избран Баки Бакиу.

**Б.Б**

Семинар на млади волонтери од Општината и членови од ЗП Велес

# Меѓугенерациско дружење - хуманоста пред сè

Здружението на пензионери од Велес заедно со младинци – волонтери, а во организација на Општина Велес на 28 септември во Битола одржа четиридневен семинар, заедничко дружење, на тема „Како да им се помогне на старите и немоќни лица“. На „седенките“ се разговараше за тоа кој се и на каков начин може да добие помош. Во спогодбата потпишана од Здружението и Општина Велес се внесоа заклучоци меѓу кои како најглавни беа: помош на лица на кои им недостасуваат средства за лекување, помош при опожарени куќи, несреќни случувања, помош на млади по повод разни настани како на пример спортски натпревари, учество на светски или други првенства, печатење на книги и слично. Оваа спогодба, се согласија и двете страни, ќе важи не само за старосните пензионери, туку и за инвалидите од Општина Велес.



На семинарот беше присутен и доктор Благој Јорданов кој несебично го обиколи селото и на сите кои тоа го посакаа им измери притисок како и детален преглед.

Овие четири дена поминаа брзо, зашто заедничкото дружење меѓу старите и младите беше мошне интересно. Долго ќе се памети прошетката покрај реката Бабуна и настапот на хумористот Воислав Китановски. Се вкусија и преубавите богомилски печурки, погачи извадени од фурна, разни питулици и суканки, вкусно планинско сирење..., чајот планински засладен со мед од падините планински.

На учесниците им се обрати и претседателот на ЗП Велес, **Веле Алексоски**, кој посебно ги поздрави младите учесници и им вети дека Рекреативниот дом, иако со него стопанисува Здружението, да го сметаат и за свој дом. Но убавите денови брзо поминуваат, па и овие. Се разделија младите и повозрасните со ветување дека повторно ќе се дружат на ова прекрасно место.

**Нада Алексоска**

ЗП Радовиш и Конче

# Едукација и здравствесна превентива



Грижата за здравјето на пензионерите и понатаму останува една од приоритетните задачи на ЗП Радовиш и Конче. Комисијата за здравство при ЗП, во соработка со ОО на Црвен Крст и Здравствениот Дом од Радовиш организираа средба на пензионерите со професионални лица од здравството. Повод беше „Недела на борба против шеќерната болест“. Шеесетина пензионери со големо внимание ги проследија предавањата, а по некој од нив зедоа учество и споделија свои искуства и видувања во врска со шеќерната болест, а потоа поставуваа прашања и добија соодветни одговори. Д–р Димитар Бозаџиев зборуваше за гликозата како основна храна на секоја клетка во организмот, а посебно важна за главните органи: мозокот, срцето, бубрезите, црниот дроб, мускулите и др. За диабетичарите тој истакна дека имаат зголемени вредности на гликоза во крвта затоа што нивниот организам не може да ја пренесе во клетките. Потоа тој зборуваше за причините, ризик факторите, симптомите и можните компликации. Д–р Марина Зимбакова зборуваше за начинот на лекување и за тоа како треба да се справиме со дијабетот. Оваа средба беше искористена и за проверка на шеќерот во крвта, а беа извршени и превентивни прегледи за сите пензионери кои изразија желба за тоа.

**Л. Младеновска**

ЗП Богданци

# Воодушевување од убавините

На 20–ти септември наутро богданските пензионери со еден автобус тргнаа кон Колешино. Убавиот сончев ден наговестуваше пријатно патување, кое со песна и досетки стана уште поинтересно. И глетката беше исполнета со попатни впечатоци, а собирањето на есенските плодови беше најзабележливо низ селата низ кои поминуваа. Но, восхитот кај сите пензионери настана со стигнувањето до Колешинските водопади. За да останат подолго запаметени, фотографирањето беше неодложно кај сите посетители, кои уживаа во убавината што природата во раскош ја растурила. Насекаде се гледаа костенливи дрва натежнати од богатиот род.

По повеќе од еден час, понесувајќи незаборавни доживувања, екскурзијантите се упатија кон Струмица каде имаа доволно време да го разгледаат градот и оттаму да понесат убави спомени. Сепак, крајна дестинација им беа Царевите кули, каде стигнаа во закажаното време. На надморска височина од 445 метри, видикот од кулите е посебен. Според, сознанијата од минатото, кулите се сведоци на многу поробувачи на кои им служеле како стратешки простор. Денеска многу туристи го посетуваат локалитетот и уживаат во чистиот воздух и уште поубавата панорама. Во дворот на ресторанот има мала зоолошка градина со животни и птици типични за Струмичкиот регион.



Понесувајќи незаборавни доживувања, во попладневните часови пензионерите се вратија во Богданци со нескриена желба вакви екскурзии да има повеќе.

**Д. Чавдаров**

ЗП Македонски Брод

# ФЗОМ поблиску до пензионерите

На 6–ти октомври 2016 година, во Клубот на ЗП Македонски Брод, доктор и правник од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, реализирајќи го „Проектот поблиску до пензионерите“, одржаа предавања на две теми во врска со правата на осигурениците и под кои услови тие права можат да ги остварат. Д–р Весна Димеска зборуваше за „Специјализирана медицинска рехабилитација“, а Емилија Лазареска од правната служба на тема „Рефундации“. Предавањата беа интересни и присутните со внимание ги следеа. Потоа се разви плодна дискусија.



Секретарот на ЗП Македонски Брод, **Венче Кузманоски**, го истакна проблемот со снабдување со лекови на жителите од 30 населени места во Општината, оддалечени и до 50 километри од Македонски Брод, за што имаше напис во јануарскиот број на „Пензионерски видици“ оваа година.

– Состојбата не се подобри, дури и се влоши. Сега и 4500 жители на општина Пласница останаа без аптека со одење во стечај на концесионерот, и сега и тие се принудени лекарства да снабдуваат од Македонски Брод или Кичево. Одговор на дописот до Министерството за здравство нема. Решение мора да има. Сугерираме подвижната аптека од Кичево да го снабдува и овој регион, – истакна секретарот.

На средбата беа поставувани и прашања. Присутните беа задоволни од одговорите на предавачите и посакаа и во иднина да се организираат вакви едукативни работилници.

**Д-р Милчо Тренкоски**

ЗП Валандово

# Во посета на Манастирот „Трескавец“

На 14–ти октомври 2016 година, група од 50–тина пензионери од Валандово изведоа еднодневна екскурзија во Прилеп, поточно во Манастирот „Трескавец“. Првата попатна пауза ја направија кај Бензинската пумпа „Црна Река“ во близина на Росоман, каде пензионерите се освежија со кафе и појадок. Низ Прилеп поминаа без задржување и се упатија кон манастирот по кривулестиот планински асвалтен пат, по кој искачувањето беше успешно благодарејќи на доброто возило и искуството на возачот.



Во манастирот одговорниот свештеник им раскажа за настанувањето и опстојувањето, напоменувајќи дека истиот има многу богата историја.

Поради изведувањето градежни работи во конаците, пензионерите ја искористија блиската околина за кратка прошетка.

Погледот на пелагониската долина беше прекрасен. Прилеп осветлен од сончевите зраци, изгледаше преубаво. Селата свиткани во своите гнезда, обвиени во сончевата прегратка како да довикуваа од далечината. Посебен впечаток оддаваше преубавото Крушево, кое се издвојуваше и издигнуваше во височина. Денот како да беше создаден за набљудување и надоплнување на глетката. За да останат запаметени впечатоците и доживувањата, фотографирањето како да беше задолжително.

По неколку часа, групата се спушти во Прилеп каде беа посетени спомениците во центарот на градот. Задоволни од убаво поминатиот ден се вратија во Валандово со нескриена желба вакви посети да има повеќе.

**Горица Михајлова**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Солидарност и хуманост

Здружението на пензионерите Тафталиџе ДДД – Скопје, како и во други прилики, својата хуманост и солидарност ја искажа со помош кон настраданите жители во поплавените подрачја во август годинава во општина Гази Баба. За оваа цел неодамна Извршниот одбор донесе одлука да додели 20.000 денари како помош за поплавените жители. Овие средства се скромна помош и се уплатени на сметката на Црвениот Крст на Р. Македонија.

– Во вакви несреќи пензионерите од нашето здружение секогаш ја покажуваат својата хуманост и солидарност. И овој пат ја поддржуваме хуманитарната акција и издвојуваме сретства во граница на нашите можности. Покрај овие средства издвоивме и 39.000 денари за легализација на Рекреативниот Центар во Катланово, со оглед дека преминува во сопственост на Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Град Скопје, Договорено е сите 14 здруженија на пензионерите од градот Скопје, финансиски да учествуваат во легализацијата на овој центар. Овој центар за симболичен надомест го користеа пензионерите за одмор и рекреација, но условите не беа најдобри. Бидејќи досега не беше решено правото на сопственост, немаше можност истиот да биде соодветно одржуван и реновиран. Со конечното решавање на правото на сопственост, но и со помош од Градот Скопје, ќе се овозможи овој центар да блесне во стариот сјај и уште многу години да им служи на сегашните и на идните генерации пензионери, – изјави претседателот на здружението Димитрија Димовски.

**Симеон Билински**

ЗП Неготино

# Убава е Македонија

ЗП Неготино неодамна на своите членови им организираше еднодневна екскурзија до македонската Нијагара, односно Смоларските водопади. Минувајќи низ убавиот крајилик предел на Македонија, патот дотаму брзо им помина. Во автобусот се слушаше песна македонска, која ја предводеа членовите на пејачката група и сите како во еден глас пееја и се веселеа. Кога се приближија до водопадите, возачот им рече на постарите и на оние со послаби нозе да останат во автобусот, бидејќи има доста пат за одење и за искачување.

– А бе дечко, јас дојдов до тука не да седам во автобусот, туку на лице место да ги видам водопадите. Што ќе им кажам на внуците кога ќе ме прашаат за импресиите! Море, ќе се качувам и ќе се сликам таму за да имам доказ дека сум бил, – се пошегува пензионерот Јован, еден од постарите посетители и тргна по групата.

Како тој и другите со голем напор стигнаа до водопадите и пред нив се отвори прекрасна глетка. Природата направила величенствени водопади. Почнаа да штракаат фото–апаратите и мобилните телефони за да се овековечи ова доживување.

Во договор со претседателот на Здружението Петар Захарчев, потоа падна одлука да се посетат и разгледаат Колешинските водопади. Сите беа задоволни од предлогот кој веднаш го прифатија.

Потоа, според планот се упатија кон манастир „Св.Леонтиј“ каде што, исто така, уживаа во убавината и мирот што го нудеше ова велелепно здание. На враќање ја посетија Струмица и го разгледаа градот. Малку се одморија и како што тргнаа, исто така со песна со радост и смеа се вратија во своето престојувалиште.

**И. Емшов**

# Vazhdon shënimi i jubileut të madh

Më pjesëmarrjen personale, festimin e 70-të vjetorit jubile të LShPM, e kanë rritur zëvendës ministri plotësues i punës dhe politikës sociale Dime Spasov, kryetari i LSM Zhivklo Mitrevski, sekretari gjeneral i Kryqit të kuq në RM, Sait Saiti, dhe krerët e komunave Gjorçe Petrov, Ilinden dhe Petrovec, ndërkaq, nga jashtë, zëvendës nënkryetari i Lidhjes



së shoqatave të pensionistëve të Sllovenisë Jozhe Zhnidariç, kryetari i Lidhjes së sindikatave të Shqipërisë, Kol Nikollaj në shoqërim të zëvendës-kryetarit Anisa Subashi. Të dy mysafirëve të lartë dhe përfaqësues nga Sllovenia dhe Shqipëria, në manifestimin e organizuar në restorantin "Hanibal" në Shkup, kryetari i LShPM Dragi Argirovski, ju ka ndarë Plakat të LShPM me porosi për vazhdimin e pasurimit të bashkëpunimit me dy Lidhjet.

Duke falënderuar për mirënjohjen, Jozhe Zhnidariç, në emër të pensionistëve të Sllovenisë, kryeartit Dragi Argirovski i ka ndarë falënderim të LShP të Sllovenisë. Gjithashtu, falënderim të madh dhe urime për jubileun ka shprehur edhe Kol Nikollaj, kryetar i Konfederatës së sindikatave të Shqipërisë në korniza të së cilës funksionon edhe organizata e pensionistëve. Telegrame përshëndetëse në këtë solemnitet janë lexuar edhe nga kryetarët LShP të Serbisë dhe Malit të Zi, Gjuro Periq dhe Branko Veshoviq, si dhe nga kryetari i deritanishëm i ZDUS Anton Donko.

Në takimin solemn në restorantin "Hanibal", jubileun e madh për të gjithë pensionistët nga Republika e Maqedonisë, ka uruar zëvendës ministri plotësues për punë dhe politikë sociale Dime Spasov, i cili në emër personal dhe në emër të të shpërblyerve me fjalë të ngrohta ka falënderuar për mirënjohjet.

Akademi solemne dhe aktivitete të ngjashme janë mbajtur në më shumë qytete të vendit tonë në të cilat janë ndarë plakat dhe mirënjohje, krerëve të komunave, shoqatave dhe personave të rëndësishëm të cilët kanë dhënë kontributin e tyre në zhvillimin e organizimit pensionist në Republikën e Maqedonisë në 70 vitet e kaluara. Mirënjohjet janë pranuar me krenari, por edhe me shoqërim këngë dhe valle.

**Mendo Dimovski**

Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj

# Kryetar i shoqatës është zgjedhur Mahir Duraku,delegat në LShPM, Baki Bakiu

Me datë 27.09.2016, Kuvendi i Shoqatës së pensionistëve të komunës Saraj, ka mbajtur mbledhje nën drejtimin e Baki Bakiut. Në Kuvend ishin ftuar dhe kanë marrë pjesë përveç anëtarëve të Kuvendit edhe anëtarët e Këshillit ekzekutiv dhe kryetarët e degëve. Në këtë mbledhje janë miratuar disa akte si: është verifikuar mandati i një anëtari për Kuvend, është zgjedhur një anëtar për në Këshillin ekzekutiv, është zgjedhur një anëtar për në komisionin për Statut, është sjellë vendim për ndryshime dhe plotësime në Statutin e shoqatës etj. Për delegat në Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë është zgjedhur Baki Bakiu.

Kryesuesi i Kuvendit Baki Bakiu, në fund i ka informuar të pranishmit lidhur me pjesëmarrjen financiare me 6 denarë për anëtarë, për legalizimin e objektit në Katlanovë, për ndihmën e dhënë nga shoqata për të përmbyturit nga vërshimet në komunën e Gazi Babës, për mjetet financiare të mara nga xhiro llogaria me rastin e kontestit gjyqësorë me Shoqatën e Karposhit, si dhe për punën në Qëndrimin ditor - Klubin e shoqatës.

Pas mbledhjes së Kuvendit, ka mbajtur mbledhje Këshilli ekzekutiv i cili njëzëri, për kryetar të shoqatës ka zgjedhur Mahir Durakun - sekretar e deritanishëm i shoqatës.

**B.B.**

# Pensionistët njoftohen me të drejtat e tyre

Në lokalet e Shtëpisë së Shëndetit, nën organizim të Fondit Pensional Invalidorë të Maqedonisë, u mbajt ligjëratë kushtuar të drejtave të pensionistëve që u takojnë për të shfrytëzuar barna dhe mjete ortopedike, nëpërmjet fondit në fjalë. Kryetari i shoqatës së pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë, Xhavit Karpuzi, duke përshëndetur të pranishmit tha se kjo ligjëratë është e mirëseardhur për moshën e tretë për tu njoftuar me të drejtat që u takojnë me Ligj për shfrytëzimin e barnave pa pagesë dhe të mjeteve ortopedike.

Përfaqësuesit e Fondit pensional invalidor nga Maqedonia, në detaje i informoi pensionistët dibran me listën pozitive të barnave nëpër barnatoret e vendit dhe për këshillat dhe kërkesat që duhet të realizojnë për nevojat e tyre për mjetet ortopedike në bashkëpunim me mjekun amë.



Ligjëratën e kanë ndjekur një numër i madh i pensionistëve si nga Dibra ashtu edhe nga Zhupa, me ç'rast ka pasur edhe shumë pyetje nga ana e tyre që i kishin të paqarta. Përfaqësuesit e Fondit dhanë detaje për pyetjet e të interesuarve që për disa çështje nuk i kishin të qarta dhe u njoftuan që të shfrytëzojnë Fondin për lehtësim gjatë marrjes së barnave apo mjeteve ortopedike.

Julieta Marku, udhëheqëse e njësisë të Fondit në Dibër, ka thënë se ky është projekt qeveritar i Ministrisë për shëndetësi dhe ajo realizohet me sukses dhe me një interesim të theksuar. Sipas Markut, ligjëratat janë tejet të mirëseardhura për këtë kategori, pasi që tani ligjet mundësojnë shumë lehtësira për marrjen e barnave pa pagesë dhe të mjeteve ortopedike. Marku ka shtuar se pensionistët dibran edhe pse janë tejet të interesuar për ligjëratat të këtilla, ata janë për t'i përshëndet pasi që çdo risi që del ata janë ndër të parët që i dinë dhe i shfrytëzojnë të drejtat e tyre që u takojnë me ligj. Kjo sipas saj, është pasi që kjo kategori apo gjeneratë e pensionistëve, pjesa dërmuese janë të shkolluar dhe kanë pasur pozita të kënaqshme në shoqëri.

**Vjollca Sadiku**

ShP Çair

# Ekskursion njëditor në Prizren

Traditën e organizimit të ekskursioneve dhe vizita e vendeve me rëndësi në Republikë dhe jashtë, kësaj here, Shoqata e pensionistëve Çair, e ka vazhduar me vizitën e organizuar të Prizrenit, në Kosovën fqinje, qytet i vendosur në të rënat veriore të malit Sharr. Për këtë ekskursion, pensionistët kanë treguar interesim të madh dhe me këtë rast, në orët e hershme të mëngjesit janë nisur me dy autobus për në këtë qytet me kulturë, traditë dhe monumente kulturore - historike të pasura. Ishte mirë e organizuar ekskursioni i pensionistëve të Çairit, në përbërje të së cilës kishte Maqedonas, Shqiptarë, Turq, Rom dhe nacionalitete të tjera.

Gjatë rrugës, derisa disa këndonin ose bisedonin, të tjerët me xhelozi shikonin rrethinën të magjepsur nga bukuritë vjeshtore, nga laramania e natyrës dhe gjethet e zverdhura të drunjve të cilët ndritnin nga rrezet e diellit.

Pasi arritën në Prizren, pensionistët u nisën të shikojnë qytetin me arkitekturën tradicionale dhe nacionale. Me këtë rast, pensionistët kanë vizituar xhaminë e njohur të Sinan Pashës dhe kishën Shen Nikolla, të cilat me ndërtimin e tyre me gurë tek secili kanë zgjuar ndjenjë respekti. Vizitorët mbetën të entuziazmuar nga këto dy shenjtore të lashta. Disa nga vizitorët, kanë shëtitur përreth lumit Bistrica, i cili e ndanë qytetin në dy pjesë.

- Gjatë vitit që po kalon, kur bëhet fjalë për vizitë të vendeve me rëndësi tek të cilat nuk kanë qenë deri më tani, në shoqatë bëjmë përpjekje që t'i kënaqim dëshirat e anëtarëve tonë - ka thënë Mentor Qoku, kryetar i Këshillit ekzekutiv i ShP Çair. Gjatë kthimit, pensionistët të kënaqur nga ajo që kishin parë, kanë shprehur dëshirë që përsëri të bëjnë një ekskursion të shoqërim të tillë.

**Vasil Pamçevski**

# Shënohet dita e Dibrës së lirë

Më rastin e 73 vjetorit të çlirimit të Dibrës, 8 shtatori, Lidhja e luftëtarëve të Dibrës 1941 - 1945 dhe qytetarët vazhdues, në sallën e Shoqatës së pensionistëve të Dibrës, kanë mbajtur mbledhje solemne.



Në mbledhjen solemne kanë marrë pjesë luftëtarë, vazhdues, pensionistë nga Dibra dhe Qendra Zhupë, organizata joqeveritare, delegacione nga Këshilli kryesorë i LLM (SBM) Shkup, delegacion nga Struga dhe Ohri, delegacion nga Peshkopia Republika e Shqipërisë e të tjerë.

Mbledhjen solemne e ka hapur kryetari i Lidhjes së Luftëtarëve të Dibrës, Irfan Ushtelenca i cili ka përshëndetur të gjithë të pranishmit duke ju dëshiruar shëndet të mirë dhe jetë të gjatë.

- Sot mbushen 73 vite nga çlirimi i qytetit legjendar Dibër, (69 Dibër e lirë) dhe 25 vite të pavarësisë dhe lirisë të R. Maqedonisë. Me një minutë heshtje t'ju japim nderim luftëtarëve të vrarë dhe atyre që kanë ndërruar jetë, ka thënë në fillim të mbledhjes solemne kryetari Ushtelenca. Më pas, referat në gjuhën maqedonase dhe shqipe, për rëndësinë e 8 shatorit dhe 73 viteve Dibër të lirë, kanë lexuar nxënës.

**M.U.**

# Prezantim i suksesshëm në festivalin në Lubjanë

Tradicionalisht, tanimë për së shtati herë, pensionistët nga Maqedonia, marrin pjesë në aktivitetet e Festivalit për moshën e tretë (FZZHD), Lubjanë - Slloveni, i cili organizohet me rastin e Ditës ndërkombëtare të personave pleq më 1 Tetor të çdo viti.

Delegacion i LShPM, udhëhequr nga kryetari Dragi Argirovski, bashkërisht me shoqëritë kulturore artistike nga ShP Manastir, ShP Demir Hisar, si më mirë të vlerësuara në Revyalin republikan të muzikës, këngëve dhe valleve, në vitin 2016, ishin pjesëmarrëse në programin e pasur të shumëllojshëm të këtij Festivali. Përpos prezantimit të suksesshëm në Festival, delegacioni ka realizuar takime me organe drejtuese dhe personalitete nga Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Sllovenisë, si dhe me organizata dhe institucione të tjera shtetërore. Në këto takime, posaçërisht është diskutuar për bashkëpunimin me të gjerë bilateral në lëmin e problematikës pensioniste. Është biseduar për përpjekjet dhe përvojat në përparimin e statusit dhe standardit të pensionistëve në dy shtetet në korniza të kaheve Evropiane. Është realizuar takim dhe bisedë me kryetarin e Qeverisë së Sllovenisë, Dr. Miro Cerar, i cili ka thënë lëvdata të mëdha për vazhdueshmërinë e bashkëpunimit të deritanishëm reciprok në mes dy lidhjeve. Delegacionin e ka pranuar edhe Janez Sushnik, kryetar i ZDUS, bashkërisht me bashkëpunëtorët e tij, për çka është biseduar për shumë tema aktuale nga aktivitetet dhe organizimi i dy lidhjeve të pensionistëve. Është thënë se edhe në Fondin pensionist të Sllovenisë, është i pranishëm problemi i mungesës së mjeteve për pagesën e pensioneve, prandaj, është rritur edhe mbartja e financimeve në buxhetin e shtetit.

Kryetari i LShPM ka përsëritur nismën për organizimin dhe mbajtjen e Festivalit ballkanik të këngës muzikës dhe valleve e cila do të mbahej në Shkup. Për pasurimin e këtij bashkëpunimi posaçërisht janë angazhuar kryetari i Komisionit për bashkëpunim ndërkombëtar i ZDUS, Jozhica Puhar dhe anëtari Marjan Shiftar të cilët ishin edhe ambasador të mëparshëm të R. Sllovenisë në shtetin tonë. Delegacioni nga Maqedonia ka organizuar takim të veçantë në të cilën janë ndarë Plakat dhe libra "Argumentet e ndriçojnë të vërtetën" nga LShPM me rasti e 70 vjetorit të Lidhjes tonë. Shpërblimet i ka ndarë kryetari i LShPM Dragi Argirovski edhe atë: Anton Donko, kryetar i mëparshëm i ZDUS, Andrej Jus, nënkryetar i Kryesisë i FZZhD dhe Marjan Shiftar, nënkryetar për bashkëpunimin ndërkombëtar. Në këtë takim, ka marrë pjesë edhe drejtori i deritanishëm i Festivalit, Tihomir Kovaçiq, i cili ka mundësuar qëndrimin në Lubjanë me mbështetjen e nevojshme financiare.

Në atmosferën e këndshme të shoqërimit, me këtë rast, falënderimin dhe kënaqësinë e tij në pjesëmarrjen në Festival e ka shprehur Tome Ilioski dhe Pere Pereski, në emër të shoqatës të cilat i përfaqësojnë. Në korniza të Festivalit është mbajtur Akademi solemne me rasti e 70-vjetorit të veprimit të ZDUS, në të cilën fjalën e tyre kanë thënë kryetari i ZDUS, Janez Sushnik dhe kryetari i Qeverisë dhe patronazh i Akademisë **d-r Miro Cerar**. Në Akademinë solemne kanë marrë pjesë edhe përfaqësues nga Maqedonia.

Shenjë të posaçme në aktivitetet e Festivalit ka lënë pjesëmarrja e shoqërisë kulturore artistike nga ShP Manastir me korrin "Sirma Vojvoda" dhe nga ShP Demir Hisar me grupin vallëzues. Ata ishin pjesëmarrësit e vetëm të jashtëm në të 8-tën Mbrëmje të këngëve, muzikës dhe valleve. Përshtypje të fuqishme shoqatat kanë lënë edhe me programet artistike të cilat i kanë realizuar në skenë të hapur në dy terme, në shtëpinë për pleq Fuzhine në Lubjanë.

**Ilija Gligorov**

Mundësi e mirë për pleq të vetmuar

# Oferta hotelerie, zëvendësojnë azilin

Dibër, 23 gusht - Kohëve të fundit, në Dibër dhe rrethinë, dukshëm është rrit numri i pleqve të cilët për shkak të migrimit masiv të popullatës jetojnë në vetmi. Jo zyrtarisht numri i pleqve të tillë në Dibër dhe rrethinë është mbi 300. Në këtë drejtim, duhet theksuar se është rritur edhe interesi tek personat që i takojnë moshës së tretë që në Dibër të hapet një Azil pleqsh. Kërkesa në fjalë është bërë nëpër institucionet kompetente dhe për këtë çështje është biseduar edhe në nivel të shoqatës së pensionistëve Dibër Qendër Zhupë, pushtetit vendor dhe qytetarëve të kësaj moshe të cilët duan apo nuk duan janë të detyruar që të vendosen në një Azil.

Edhe pse ka pasur kërkesa dhe debate për hapje të një Azili për pleq në Dibër, deri tani kjo çështje ka ngel e hapur. Në mungesë të këtij institucioni, duke marrë parasysh edhe interesin e pleqve të cilët në fjalë për tu vendosur në objekte të përbashkëta, janë paraqitur iniciativa në sferën e biznesit për të akomoduar pleqtë të cilët shprehin interes për të jetuar në objektet të përbashkëta. Gëzim Ame, biznesmen dibran dhe pronari i hotel-restorantit Besa, i cili gjendet në afërsi të Lumit Radikë dhe Liqenit të Dibrës në fshatin Kosovrasti, ka deklaruar se pranon ofertat të pleqve të vetmuar që t'i akomodojë në hotelin e tij. Ame thekson se ambienti i pastër dhe piktoresk si dhe kushtet që ofron hoteli i tij tërësisht plotëson nevojat për një akomodim të moshës së tretë e cila jeton e vetmuar nëpër shtëpitë e tyre në Dibër dhe rrethinë. Në takimet të shumta siç thotë Ame, një kënaqësi kanë shprehur edhe përfaqësuesit e shoqatës Dibër - Qendër Zhupë.

Në një prononcim në lidhje me këtë çështje, kryetari i Kuvendit të Lidhjes të pensionistëve të Maqedonisë Besnik Pocesta, ka theksuar se Dibra duhet të ketë një Azil për pleq. Ai ka theksuar se të njëjtin qëndrim kanë edhe tërë kryesia e Lidhjes të shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Ky problem është debatuar edhe në nivel qendror, meqë Dibra i takon komunave me migrim masiv që pastaj sjell një situatë kur pleqtë janë të detyruar të jetojnë të vetmuar. Ne përkrahim hapjen e Azilit në Dibër thotë Pocesta. Pensionisti në mërgim Sinan Fishta, i cili jeton në SHBA, por që ka dëshirë jetën ta vazhdoj në vendlindje, në një takim me kryetarin e Dibrës, ka kërkuar që në Dibër të ketë një Azil për pleq. Po ashtu merret veshtë se si rasti i Fishtës ka edhe shumë mërgimtar pensionist të cilët planifikojnë të kthehen në Dibër, por që kanë dëshirë që pleqërinë ta kalojnë në Azil.

Kur bëhet fjalë për ndërtimin të një institucioni për vendosjen e pleqve të vetmuar, nga institucionet, merret vesh të se ka edhe biznesmen të tjerë që janë të interesuar për hapjen e Azilit. Iniciativa që ka ndërmarr biznesmeni dibran Gëzim Ame që në mungesë të Azilit t'ju mundësoj akomodim dhe strehim të rehatshëm të pensionistëve, ku mundësohen edhe shërbime mjekësore të ngjashme me Azilet oficiale, përkrahet nga popullata. Ame shton se pikërisht për këtë akomodim ka siguruar edhe një ekip shëndetësor i cili do të jetë në shërbim të pleqve që do të sistemohen këtu.

**Vjollca Sadiku**

Промоција на книгата „Јас“ од Мендо Димовски, уредник во „Пензионер плус“

# Јас како човек од вас

Неодамна во Домот на АРМ во Скопје се одржа промоција на втората по ред книга „ЈАС“ на Мендо Димовски, познат новинар и уредник во весникот „Пензионер плус“.

Промоцијата започна со настап на кларинетистот Христо Тасевски кој отсвири мелодија карактеристична за пелагониското поднебје – од каде што потекнува авторот, мелодија која е судбински поврзана за животот на Димовски и значеше потсетување на времето на неговата борба и справување со тешкотиите во младоста и во поодминатите години. Пред големиот број учесници на промоцијата најнапред се обрати авторот кој имаше нималку лесна задача – да го објасни најнапред провокативниот наслов на книгата, а потоа и да ја разоткрие нејзината содржина. „Како секој обичен човек што има приказна за себе, своја животна приказна, така и јас имам“, истакна Мендо Димовски, „само што мојата приказна ја ставив на хартија и верувам дека многумина ќе се најдат во неа и ќе се препознаат“. И продолжи во нему својствената рима.

„Најпрво сакав да раскажувам само за себе, без да ме интересира што се случува околу мене. Така тргнав по животниот пат, но кој може така да оди и само напред да гледа и да вјаса за побрзо некаде да стаса?“ На големиот број присутни во салата, кои го испочитуваа авторот, тој им рече: „И денеска почуствував дека не сум сам и осамен, туку дека сум јас со сите вас. Сам човек не е ниту за себе, ниту за секого, ниту за некого. Ниту за секаде, ниту за некаде, ниту за никаде.“ А како би можел да биде сам и осамен, кога Мендо Димовски е сопруг, татко и дедо кој семејството секојпат го става во прв план, колега и пријател каков што секој посакува, соработник за пример. Овде би потсетила и на биографијата на Мендо Димовски. Роден е во село Долно Агларци – Битолско во 1948 год. После основното и средното образование, Воена Академија завршил во Белград, потоа новинарска школа при Институтот за Југословенско новинарство во Белград. Бил уредник во весникот „За победу“, а во меѓувреме завршил и Висока воено–политичка школа во Белград. Бил прв уредник на воените гласила „Народна Армија“ и „Фронт“ на македонски јазик. Пред 11 години е пензиониран во чин полковник.



Прв рецензент на ова второ новинарско – публицистичко дело беше проф. Д–р **Васил Тоциновски**. Тешко е со малку зборови да се прераскаже рецензијата на Тоциновски, зашто се беше силно, убаво, со големи пораки... затоа се определив за еден мал цитат кој многу кажува. „Етичките и естетските вредности на „ЈАС“ не како самобендисаност, туку во поразителното глобално време изборувајќи се за правото на сопствен став, за идентификација на слободниот и среќен човек се во постојана потрага за подостоинствен живот. За безбедна и благопријатна иднина. Национализмот наспроти патриотизмот – како што ќе запише Димовски, уште повеќе прават пустош во душите на луѓето. Оттука и забелешката дека никој докрај не ја одредил моќта на зборот. Одговорноста пред него е огромна, зашто зборот секогаш треба да биде правилно употребен. Затоа зборот се сака, чува и брани како што тоа чувство го имаме за својот народ, за татковината.“

Писателката и лектор **Лилјана Пандева** во својата рецензија меѓу другото нагласи дека Мендо Димовски со своето прозно дело се реализирал како поет на чиста рима. Со јазик на изворна поетика, трагајќи за вистината ја откриваше суштината на животот. Со јазик на изтскрива емоциите под превезот на реалноста и вистината. Впрочем и кога е новинарски саркастичен и ироничен, само со еден беглон поглед врз настанот, ги открива длабоките чувства на нивреда, лутина, но и правичност и хуманост. Всушност тоа е и пораката на авторот која ја пренесува до читателот: хуманоста и љубовта се најважни во животот без оглед на сите премрежиња.

На промоцијата говореше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** кој честитајќи му го вториот труд на Димовски, забележа дека во ова дело главно е опфатен животот на авторот во периодот додека му траел работниот век, дека недостасува делот од животната приказна наречен Трета доба, и затоа му посака да напише трето авторско дело посветено на Третата доба. На промоцијата на авторот му честитаа и **Нијази Целили**, претседател на ЗП Гостивар, **Гоце Илиевски** од здружението ГАРД и други, а извадоци од книгата читаше **Томче Стојков**, меѓу пензионерите познат како режисер и селектор на фолклорните ревии.

На крајот уште едно потсетување: Една нова точка засветли во нашите книжевни простори. Една нова книга – ново ЈАС. Оваа книга на Мендо Димовски е прилог во корист на таа нова светла точка, за таа да засвети што е можно побрзо и што е можно посветло на нашето книжевно небо.

**Цветанка Илиева**

Интересни книги

## Грациела




**Автор:** Алфонс де Ламартин

**„Грациела“ е еден од најубавите љубовни романи на романтизмот, а во многу анкети е сместуван меѓу најдобрите љубовни романи на сите времиња во светската книжевност. Тоа е роман за љубовта и меланхолијата, елегична и романтична поезија преточена во роман, со силна лирика. Алфонс де Ламартин е една од најзначајните фигури на францускиот романтизам и се смета за еден од најголемите поети и лиричари на сите времиња. Најмаркантниот дел од творештвото се поемите од неговата рана творечка фаза, а романот „Грациела“ е меѓу најчитаните негови дела.**

Ламартин бил член на Француската академија на науките и уметностите, а се занимавал и со политика и бил влијателен политичар. Во политичкиот живот учествувал во државниот удар на Наполеон Трети. Пишувал политички статии кои биле многу актуелни и читани. Неколку години бил на дипломатска служба во Италија, а искуствата од таму ги искористил за пишувањето на романот „Грациела“. Приказната се однесува на едно несекојдневно топло и нежно младешко пријателство, коешто го опишува како една нереализирана, но силна и чиста љубов на младата Италијанка Грациела и тоа е главната нишка околу која го плете дејството. Во приказната за нереализираната, но силна, искрена и чиста љубов на главниот лик Грациела, всушност, се искажани големата љубов и нестивнатата тага за рано починатата сопруга на авторот. Ова е негова прва објава на македонски јазик.

## Султановиот харем




**Автори:** Колин Фалконер

**Враќањето во минатото побудува нежни чувства. Пишаниот збор ги оживува луѓето, времињата и настаните кои некогаш биле живот. Нивните пораки и општочовечките димензии на книжевноста сеука и поука за современоста, но за некои нешта никогаш повеќе да не се случуваат.**

Драматична, незаборавна приказна за суровоста и страста, сместена во средиштето на Османлиското Царство. Во Истанбул владее само еден единствен човек султанот Сулејман Величествениот. Во срцето на неговата палата се наоѓа харем, во којшто живеат стотици божествени девојки, некои од нив сопруги, некои конкубини, а некои само обични робинки. Меѓу нив се и Гилбехар, потоа султановата миленичка и мајката на неговиот наследник Јулија, а тука е и ќерката на еден италијански благородник, грабната кога се обидела да побегне од Венеција заедно со својот љубовник и Хирем, Татарка од руските степи. Секоја од овие три жени е преубава, но Хирем е најопасна и бескрупулозна во својата желба да владее со харемот, а, на крајот и со самиот султан. Мудра и моќна, таа внимателно ја планира пропаста на своите ривалки, ставајќи се себеси во самиот центар на царската моќ. Мамењсан од неа, Сулејман ќе ги изгуби своите сојузници и своите синови.

**Избор: Васил Тоциновски**




# Физичката активност и спортувањето

Често кога сме во состојба на физичка или ментална нерамнотежа бараме „лек“ надвор од себеси, но многу повеќе можеме да ги решиме нашите здравствени проблеми со активирање на сопствените внатрешни потенцијали. Потребно е само да се исполнат одредени природни закони и да се научи како истите да се искористат. Моќта на движењата и на физичката активност може да помогне да се ослободиме од многу заболувања.

Кога интензивно се движиме и сме физички активни, срцето чука побрзо, силно ја поттикнува циркулацијата и автоматски подлабоко дишеме. Со таквото дишење се отвора процесот на детоксикација на сите нивоа. Повеќе свеж кислород влегува во телото и се исфрла од градите јаглеродниот диоксид. Крвта ефикасно носи кислород и хранливи материи до сите делови на телото, буквално до сите клетки. Бубрезите и црниот дроб, кои се важни во процесот на чистење токсини од нашето тело не тераат интензивно да се потиме, па од телото преку кожата излегуваат со потта дополнителни нечистотии. Кога се движиме или спортуваме ние го фокусираме нашето внимание на она што го правиме, и на тој начин го прочистуваме и нашиот ум од негативна мисли. Со усмерување на нашето внимание на движењето се чувствуваме и лесно и пријатно. Ова е еден вид на медитација во движење. Затоа се вели дека движењето и спортувањето не ослободува и од „менталните“ токсини.

Многу луѓе имаат проблеми со болки во грбот, особено постарите луѓе. Причините се разбира, се различни. Истражувачите утврдиле дека поголемиот дел од проблемот е во врска со неправилно држење на телото и недостаток нафизичка активност. Од многу седење особено кај повеќето постари луѓе, мускулите кои го држат 'рбетот почнуваат да слабеат и немаат моќ да ја одржат соодветна положба со што се пореметува функционалноста на целиот организам. Ако така се живее подолго време, не само што ќе дојде до нерамнотежа во мускулите, но, исто така, ќе се јават и промени во коските и зглобовите и ќе се јавуваат болки кои се посилни со секој изминат ден. За среќа има решение. Почнете да се движите и да вежбате. Ако не можете да се вклучите во некои спортски дисциплини, почнете да пешачите, но можете да си помогнете и со длабоко и свесно дишење. Кога одиме и дишиме длабоко не е возможно да сме стуткани и да ги стегаме нашите внатрешни органи. Со длабокото дишење целосно се исполнуваат белите дробови со кислород, градите се проширувaат и 'рбетот се турка да се исправи. Автоматски се активираат мускулите „војници“ кои се одговорни за правилна позиција на 'рбетот. Во прилог на спортот, и јогата е уште еден начин за зајакнување на задните мускули, но и на сите други. Многу често болката предизвикана од хронична мускулна тензија со истегнување или масажа на мускулите исчезнува. И сите зглобови подобро се „чувствуваат“ со ослободување на напнатоста на мускулите поради стрес! Движењето од било каков вид ефикасно ги зајакнува и релаксира мускулите и ја балансира работата на целиот организам.

Но физичката активност и спортувањето се важни бидејќи духот и телото се поврзани многу повеќе од колку што сме свесни за тоа. Кога се чувствувате како да сте „потонати во себе“, рамениците ви паѓаат напред и надолу, ви се затвора градниот кош, главата ви виси напред... Изгледате како кокиче. Повлечени сте во себе и немате волја за ништо. Нивото на енергија паѓа. Ова е доказ дека нашата ментална состојба секогаш се рефлектира во држењето на телото. Ова значи дека со промена на положбата на телото, со движење, со физичка активност и спортување, можеме да го смениме и расположението. Затоа кога ќе се почувствувате така шетајте, вежбајте, играјте... Забрзувањето на чукањето на срцето, ќе ја зголеми циркулацијата и витална енергија ќе почне интензивно да минува низ вашето тело, клетките ќе се разбудат и држењето на телото ќе се промени. Автоматски ќе се активираат хормоните кои го менуваат нашето расположение и светот ќе изгледа различно. Со други зборови, со со физичка активност буквално излегуваат негативни емоции. Ако сте лути на некого, и не сте во можност да се изразите вербално, пробајте гневот да го исфрлите со брзо одење, боксирање на вреќа или перница или интензивно пливајте, скокајте, танцувајте... движете се! Загарантирано ќе се чувствувате поинаку после тоа: полесно, растеретено, поживо, порелаксирано. Секоја активност која придвижува повеќе делови од телото ќе ја промени вашата ментална состојба. И запомнете: луѓето кои не се движат и не се активни имаат лошо здравје и расположение и покус век, без разлика на возраста и генетиката. Со движење и физичка активност обезбедете си го најдобриот, најефтиниот и најпријатниот лек.

Б.А.

# Смеењето е најевтин и најдобар лек

Заразно, но не и опасно. Наместо болест предизвикува здравје на телото и душата, ги поврзува луѓето и создава чувство на интимност. На сите им е на располагање, се дели бесплатно и секој го има. Секој го разбира, лесно може да се користи и со овој природен лек не може да се претера. Станува збор за смеење, чудо кое го зајакнува имунолошкиот систем, дава енергија и ја намалува болката, заедно со бројни други здравствени придобивки за целиот организам.

**● Како смеењето ќе ве направи поздрави?**

Смеата е природно решение и одговор на многу здравствени прашања, и нејзината примена почнала значајно да се истражува во 60–тите години на минатиот век. Денес се знае дека нема ништо побрзо што делува на организмот од добра доза на смеење, создавајќи рамнотежа помеѓу телото и духот. Алтернативната медицина го користи смеењето илјадници години, но неговата лековитост се докажува се повеќе со истражувањата во психологијата и медицината. Смеењето како невидлив помошник успева да го намали чувството на загриженост, страв и анксиозност, поттикнувајќи позитивен начин на размислување и создавање на надеж. А притоа го лечи и телото.

**● Што се случува во вашето тело кога се смеете?**

Го релаксира телото. Искрената смеа има способност да го опушти целото тело и да го заштити од последиците на стрес и напнатост. Мускулите остануваат опуштени и до 45 минути откако сте престанале да се смеете.

**● Го јакне имунолошкиот систем**

Смеењето го намалува кортизолот, хормон на стрес кој го лачи надбубрежната жлезда и кој најчесто е виновник за ослабен имунитет и бројни други тегоби. Кога се смеете се зголемуваат клетките одговорни за зајакнување на имунолошкиот систем и антителата задолжени за борба против инфекции. Резултатот е организам подготвен за нови здравствени предизвици.

**● Ослободува хормон на среќа - ендорфин**

Освен што е одговорен за добро расположение, хормонот ендорфин, кој настанува кога се смееме, ќе ви обезбеди барем за некое време, чувство дека со вас и со светот се е во најдобар ред. Овој хормон има способност и да го намали чувството на болка, иако тоа трае само неколку моменти.

**● Ја подобрува работата на срцето и крвните садови**

Дозата на смеење ќе направи многу за вашиот кардиоваскуларен систем.Смеењето ја подобрува работата на крвните садови, ја поттикнува циркулацијата, го намалува крвниот притисок и, така служи како превенција на многу болести.

**● Лек за лошо расположение и депресија**

Кога се смеете автоматски подобро се чувствувате. Тоа чувство останува со вас многу подолго отколку самото смеење и поради него имате сила да задржите позитивен став и да се соочите со проблемите во животот. Смеата е лек за тага, болка, беспомошност и самосожалување. Таа е воедно и знак на надеж, универзална порака на поддршка од другите кога ви е тешко. Ги елиминира негативните чувства – невозможно е во исто време да бидете вознемирени и загрижени и искрено да се смеете. Таа природна "батерија" на добра енергија ќе ви обезбеди подобра концентрација, полесно совладување на задачите и ќе ви помогне да останете подолго време фокусирани на она што вам ви е битно. Воедно, смеата влијае на тоа како гледате на светот, ја поместува животната перспектива и прави работите да ги гледате во ново светло. Создава слика која е многу пореална и во која нема толкава опасност и загриженост. Смеата помага во борбата против стресот, но, и со разочарувањата на професионален и личен неуспех.

**● Смеата како пријател е добредојдена во секое општество**

Хуморот и релаксацијата се формула со која се јакне комуникацијата, меѓучовечките односи и обезбедува квалитетно дружење. Смеењето е заразно – истражувањата покажуваат дека тоа е далеку повеќе заразно отколку, на пример, прозевањето бидејќи мозокот автоматски одговара на него, ако го слушне во околината. Затоа, ако на важен состанок или во автобус полн со луѓе не можете да го суспендирате смеењето поради некоја причина, не грижете се, опуштете се, а наскоро сигурно ќе ви се придружат и други. Имате и научен доказ за тоа. Истражувањата покажуваат дека смеата е 30 пати повеќе заразна и невозможно е да се одолее кога сте опкружени со други, отколку кога се смеете сами (на пример, читате книга, гледате некој филм или претстава). Со смеењето, денес е полесно да се надминат конфликтите во семејството, на работа и во општеството. Смеењето ги поврзува и приближува луѓето, создавајќи чувство на припадност.

М. Дамјаноска






## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Интересни факти за јајцата

● **Јајцата го регулираат нивото на холестерол -** Едно јајце содржи околу 200 милиграми холестерол, но тоа не значи дека јајцата се лоши за вашата крвна слика. Имено, истражувањата покажале дека јајцата може да го намалат нивото на лошиот (ЛДЛ) холестерол и да го зголемат нивото на добриот (ХДЛ) холестерол.

● **Јајцата го зајакнуваат имунолошкиот систем -** Една или две јајца на ден може да помогне во борбата против инфекции. Јајцата се многу добар извор на селен, соединение кое е неопходно за правилно функционирање на имунолошкиот систем и за регулирање на нивото на хормонот на тироидната жлезда.

● **Јајцата ги подобруваат когнитивните функции -** Јајцата содржат холин, соединение кое има позитивен ефект на когнитивната функција. Истражувањата покажуваат дека недостатокот на холин го зголемува ризикот од настанување на невролошки пореметувања, ослабување на когнитивните функции, деменција и Алцхајмерова болест.

● **Јајцата го подобруваат здравјето на забите и коските -** Најдобар извор на витамин Д се сончевите зраци и некои видови храна, меѓу кои се и јајцата. Витаминот Д е од суштинско значење за правилен раст и развој на забите и коските. Ја поттикнува апсорпцијата на калциум, кој е неопходен за правилно функционирање на срцето, дигестивниот систем и метаболизмот.

● **Јајцата го подобруваат здравиот изглед на кожата -** Б комплекс витамините се од суштинско значење за здрав и убав изглед на кожата и косата. Исто така, го подобруваат здравјето на црниот дроб и очите. Јајцата се одличен извор на Б комплекс витамини, особено витамин Б2 и Б12. Истражувањата покажале дека Б комплекс витамините се важни за правилно функционирање на нервниот систем и подобрување на когнитивните функции.

● **Јајцата го штитат здравјето на очите -** Во составот на јајцето постојат два антиоксиданси, лутеин и зеаксантин, кои го штитат здравјето на очите и го подобруваат видот. Овие антиоксиданси може да го намалат нивото на појава на болести на очите, како што се макуларна дегенерација и катаракта.

● **Јајцата го поттикнуваат губењето на тежината -** Јајцата се одличен избор за појадок бидејќи брзо создаваат чувство на ситост. Го регулираат апетитот, ја намалуваат желбата за ужина, како и веројатноста од прејадување во текот на денот. Истражувањата покажале дека луѓето кои појадуваат јајца внесуваат помал број на калории во текот на денот.

● **Јајцата го смалуваат нивото на стрес и ја ублажуваат анксиозноста -** Есенцијални аминокиселини кои се наоѓаат во составот на јајцата директно влијаат на менталното здравје. Тие го регулираат производството и ослободувањето на серотонин, неуротрансмитер заслужен за добро расположение, смиреност и опуштеност.

**подготвила М. Дамјаноска**

## ПРИГОДЕН КРСТОЗБОР







**„7“: Хоризонтално:** 1. Земјоделска машина; 8. Вид музичко–сценско дело (мн.); 9. Подарок; 10. Седмата согласла; 11. Името на хрватскиот писател Великановиќ (1869–1940); 13. Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија (крат.) 14. Бугарско машко име; 15. Името на композиторот и диригент Хачатуријан (1903–1978); 16. Мерка за тежина; 17. Затвор (турц.).

**„0“: Хоризонтално:** 1. Птица пејачка; 4. Министер во Владата на Република Македонија, Веле; 5. Свештенички чин во католичката црква; 8. Кратенка за „Авто–мото друштво“; 9. Река во Украина; 10. Старинска композиција за харфа; 11. Четвртата самогласка, последната и седумнаесеттата согласка; 12. Фјорд во Норвешка; 13.Престолнина на старата држава Рашка; 14. Лице кое статира на театарската сцена; 16. Главен град на Грација; 17. Езеро во Северна Америка.

**„7“: Вертикално:** 1. Англиски филмски режисер, Мајкл; 2. Куп; 3. Воздух, атмосфера (лат.); 4. Иницијалите на македонскиот партизан и поет, авторот на „Бели Мугри„(1908–1943);5.Автознак за Тетово; 6. Самогласка и согласка; 7. Подземно стебло; 11. Пронајдок; 12. Социјалистичка партија на Македонија (крат.); 13. Срамота; 14. Карст; 15. Француски скулптор и сликар, Жан (1887–1966); 16. Хемиски знак за галиум.

**„0“: Вертикално**: Вертикално: 1. Лице кандидирано за исполнување некаква должност(мн.); 2. Река во Етиопија; 3. Грчки остров; 4. Името наанглиската артистка, пејачка и модел Фокс (1966); 5. Главен град на Демократската Република Конго; 6. Славна американска оперска пејачка од грчко потекло, Марија (1923–1977); 7. Крас; 15. Град во древна Феникија.

(**Решенија**: „7“: трактор, оперети, дар, з, Исо, СЗПМ, Крум, Арам, грам, апс; „0“: кос, Самак, каноник, АМД, Тна, лаи, ошр, Анд, Рас, статист, Атина, Ири.)

## Хумор

– Знаеш ли Трпе што е разлика меѓу селанец и сељак?
– Не.
– Селанец живее на село и се занимава со земјоделие. Сељак е особина на карактер и не зависи од место на живеење.

*****

Разговараат баба и дедо.
Бабата: Кажи ме сакаш ли?
Дедото. Ти кажав еднаш, си заборавила. Ако има промена ќе ти кажам!

*****

– Знаеш ли Митре дека Трпана ми бара пари постојано. Де дај 1000, де дај 2000 денари...
– Зошто? На што ги троши?!
– Не знам, уште и немам дадено!

*****

Мамо , нели тато има родители?
– Има.
– Па зошто ти го дале ти да го чуваш?!

*****

– Сине зошто не јадеш? Нели рече дека си гладен како волк?
– Си видела ли ти бабо волк да јаде спанаќ?

*****

Разговараат двајца средношколци после часот по сексуално воспитување:
– Ова школово било исто како бременост. Трае 9 месеци, а ти се лоши одма во првиот месец.

*****

Новинар интервуијара 105 годишен старец.
– Кажете ја тајната на долговечноста.
– Цел живот сум на Диета.
– ?!
– Сабајле пијам една ракија. На ручек една мастика. Поручек пијам едно пиво и навечер со вечерата чаша вино.

*****

Циција го вика синот да руча.
– Не сум гладен тато. Ручав кај другар ми.
– Браво бе сине. Се си на мене во штедењето.

*****

– Во некои земји се возело од левата страна, а во некои од десна!
– Па така е и кај нас. Се зависи дали возачот е трезен или пијан!

*****

После три часа пробување купувачката и вели на продавачката:
– Ќе го земам овој шешир што ми е на глава. Коку сум должна?
– Ништо не сте должна. Со него дојдовте!

## Волкот и овцата

Еден волк, сиот искасапен од кучиња, лежел крај една река. Во близината видел една овца, па почнал да ја моли да му донесе малку вода.
Со задоволство сакам да те услужам, – му




одговорила овцата, – но, иако си таков искасапен и немоќен, ти и таков си волк, па се плашам да не си повеќе гладен отколку жеден.

ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност – Аеродром

# 5. заедничка седница на ИО на збратимените здруженија

Збратимените здруженија од 2014 година, ЗП Охрид и Дебрца и Солидарност–Аеродром од Скопје, деновиве во Охрид ја одржаа петтата заедничка седница на Извршните одбори. Седницата се одржа во манастирот „Свети Стефан”, во истоимената



туристичка населба на брегот на Охридското езеро. Добредојде и господов благослов им посака протоерејот на манастирот **Сашо Богданоски**.



На седницата се расправаше по Извештајот за досега остварените заеднички и други активности на двете здруженија во 2016 година. Покрај тоа на седницата беа разменети искуства, идеи, информации, предлози и друго. Заедничката седница на двата Извршни одбори на збратимените здруженија ја отвори и присутните ги поздрави домаќинот, претседателот на Извршниот одбор на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески**, кој констатира дека сите активности на охридското здружение годинава беа во знак на одбележувањето на јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија, во чии рамки со своја пригодна свеченост одржана во месец јуни се вклучи и ЗП Охрид и Дебрца. Трпчески, во своето излагање кусо се осврна на активностите на ЗП Охрид и Дебрца во 2016 година, со посебен нагласок на успесите на културен и спортски план и за други тековни активности кои годинава, како што рече дадоа посебен белег во успесите наздружението. На културен план го посочи настапот на КУД „Далги” и освојувањето на признанието за најуспешно КУД на Меѓународниот фестивал Илинденски денови во Битоала, во категоријата за негувањето на староградската музика, а на спортски план за освојувањето по шести пат на пехарот на Републичките спортски натпревари и освојувањето по втор пат на преодниот пехар во трајна сопственост. Трпчески, го посочи и фактот што неколкумина активисти од нашето ЗП добија плакети и признанија на свечената Академија по повод јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија, а се осврна и на други активности на ЗП Охрид и Дебрца реализираи оваа година, истакнувајќи ја соработката и неодамнешниот прием во Локалната самоуправа, по повод успесите на здружението во оваа 2016 година.

Од збратименото здружение Солидарност – Аеродром се обрати претседателот на Извршниот одбор **Димитрија Богатиноски**, кој рече дека е воодушеен од амбиенталниот простор во кој се одржува заедничката седница, посакувајќи успешна работа и уште многу вакви заеднички седници. Тој ги истакна позначајните активности на своето здружение со посебен акцент на седумте клубови со кои располагаат, финансиското работење, организирањето на излети во земјата и странство и друго. Ги пофали секциите кои делуваат во рамките на здружението, како и соработката со СЗПМ на здруже–нието кое брои 11.500 членови, и спаѓа меѓу поголемите во Републикава.

Во дискусиите секој од својот ресор учествуваа секретарите на двете здруженија **Милорад Ристески и Стефан Владимиров, членот на ИО на СЗПМ Ристо Трајкоски, Добринка Талева, Манојло Донески**, и други.

По завршувањето на заедничка седница,членовите на Извршниот одбор од збратименото ЗП Солидарност–Аеродорм од Скопје, го искористија сончевото и релативно топло време за пријатна прошетка по стариот дел на градот со посета на комплексот на Плаошник.

**К. Спасески**

ЗП Куманово

# Трета мултиетничка средба во Липково

Во јубилејната 2016 година ЗП Куманово и Огранокот на пензионерите од Липково на 15–ти октомври годинава по третпат ја организираа традиционалната мултиетничка средба во која учествуваа пензионерите од Куманово, Умин Дол, Бедиње, Старо Нагоричане од Липковското подрачје и од Крива Паланка.

Според утврдената програма работната средба започна во дворот на основното училиште во Липково во присуство со над осумдесет пензионери. Најпрвин **Азим Емини**, претседател на огранокот од Липково ги поздрави присутните и ја образложи целта на посетата. Потоа **Спирко Николовски**, претседател на ЗПК поширoко се осврна на реализирањето на програмските задачи на Здружението во функција на матријалната поддршка на болните пензионери, бањскиот одмор, културата, спортот, екскурзиите и работата на клубовите. Се задржаа и на меѓугенерациската соработка и соживотот на мултиетничкото здружение и на информирањето, како и на активностите на СЗПМ во остварувањето на правата на пензионерите во Републиката .

Пензионерите ги поздравија и **Хуљуси Салију**, делегат во СЗПМ од Куманово (Липково), **Алириза Рамани**, претседател на огранокот Матејче, **Славко Стојановски**, претседател на ЗП Крива Паланка, **Стојан Нешевски** и **Стефан Јовановски**, претседател на друштвото за дијабетес – Куманово.

По официјалната средба учесниците го посетија Липковското Езеро и акумулацијата Глажња. Во едночасовниот престој беше направена прошетка околу Езерото, а посебно беше задоволството да се помине по платформата на бетонската преградна брана што ги сврзува двата брега на реката, каде беа направени многу фотографии. Посетителите овде ги предводеше Зекир Исени, пензионер и член на одборот на огранокот од Липково, човекот кој триесет години бил чувар на браната.

Другарувањето продолжи во ресторанот „Кодра“ кај Липковското Езеро, сопственост на Хајрулау Алили. Претходно Стефан Јовановски и Расим Арифи, дипломиран фармацевт, извршија мерење на шеќер во крвта на 64 пензионери, а кај четири открија повеќе шеќер од дозволените норми.

Оваа средба, која навистина беше успешна, со добри содржини и со љубезни домаќини, има изгледи да прерасне во регионална.

**Мирко Макрешански**

# Отворен приватен дом за згрижување стари лица во Сопиште

Со поддршка на грант од Владата на РМ, во скопската општина Сопиште на 11 октомври 2016 година беше отворен приватен дом за згрижување стари лица со капацитет од 40 легла. Дополнителниот заменик–министер за труд и социјална политика **Диме Спасов**, кој присуствуваше на отворањето на старскиот дом, истакна, дека мерките коишто ги воведе Владата со цел зголемување на бројот на домовите за згрижување на старите лица, како и капацитетот за згрижување на стари лица даваат резултат.



– Ние сме задоволни со постигнатото изминатите неколку години. Поволната цена за градежно неизградено земјиште од едно евро метар квадратен, намалените комунални давачки за изградба на објекти, секако, и најновата мерка грант неповратни средства од 12 илјади евра за отворање на приватен дом за стари лица го дадоа својот резултат, – истакна меѓу другото Спасов.

За новоотворениот Дом за згрижување стари лица „Сончев дом Тодоровски“ рече дека е 22 по ред, и во него се отворени десет работни места. Почетната инвестиција, како што кажа Спасов, е од околу 300 илјади евра.

– Владата на РМ помогна во отворањето на овој приватен дом за стари лица со грант од 12 илјади евра. Исто така инвеститорот искористи дел од поволностите односно плати комунални такси за изградба на овој објект намалени за 95 проценти. Во фаза на регистрација се околу шест нови приватни домови за стари лица. Конкуренцијата, – рече тој, – ќе влијае на намалување на цените и континуирано зголемување на квалитетот на услугите. Интенција и залoжба на Владата е да продолжи со зголемување на капацитетите на домовите за стари лица и тоа во два сегмента. Најпрво поттикнувајќи ги приватните инвеститори да вложат, да инвестираат во отворање на нови приватни домови за стари лица и тука имаме одличен напредок. И вториот дел во изградба и отворање на државен дом за стари лица за оние коишто се со пониски примања или пак се материјално необезбедени стари лица којшто го промовиравме пред неколку месеци и којшто е во фаза на реализаијца, за којшто веќе имаме изработено проектна документација, – рече дополнителниот заменик–министер за труд и социјална политика.

Државен дом за стари лица е планирано да се гради во општина Гази Баба. Објектот во првата фаза ќе биде со 170 легла. Очекувањата, според Спасов, се дека кон крајот на оваа или почетокот на наредната година ќе се распише јавната набавка за изградба на овој дом.

Инаку, во Општина Сопиште досега се отворени три домови за згрижување стари лица и, според градоначалникот на Сопиште **Стефче Трпковски**, сѐ уште има простор и капацитет за дополнителни инвестиции за изградба на нови.

– Задоволни сме и ние како Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија во кој членуваат 250.000 пензионери, бидејќи проблемот со недостиг на легла за згрижување на стари лица од ден на ден стануваше се поголем. Вакви домови се градат и во другите градови во нашата земја. Треба да се градат приватни, но и државни домови со цени пристапачни и за оние со пониски примања. Соработката секогаш дава резултати. Така е и во овој случај, – истакна претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**.

**К. С. Андонова**

# Книга посветена на „Спевот Јаска на Методија Ст. Тошевски“




Познатиот лингвист, критичар и поет, автор на голем број дела д–р. Васил Дрвошанов ја напиша книгата „Спевот *Јаска* на Методија Ст. Тошевски“, во која се презентирани прилози, кои се објавувани по различни поводи и во различни публикации. На крајот од книгата за илустрација е приложено едно од четириесетте пеења од разгледуваното дело на поетот. Заеднички именител на прилозите е спевот *Јаска*, кој е дел од творештвото на македонскиот автор Методија Ст. Тошевски, анализиран од книжевен и од ономастички аспект.

Според авторот, д–р, Васил Дрвошанов:

„Предизвик за книжевно–јазичната анализа на спевот *Јаска*, помеѓу другото, се мотивите во спевот, структурата на ова поетско дело, јазикот, односно македонскиот дијалект на кој е испеано делото, богатата апелативна лексика, а, особено, употребата на антропонимите и на топонимите во него.

Мотивите, личностите и настаните се македонски, пресеани низ поетско сито на Тошевски. Преку личното, семејното и колективното доживување на одбрани пунктови од македонската реалност, поетот дава пресек, речиси, на едно столетие од македонското опстојување и простумење.

Застапените прилози во оваа книга се едно, но не и единствено, можно гледање на разгледуваниот спев, пред сè од уметничка и од научна гледна точка, првенствено од поетски и од ономастички агол“.

Книгата е во издание на Сојузот на Здруженија на пензионери на Македонија и на здружението на пензионери Ѓорче Петров, бидејќи Методија Ст. Тошевски беше потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ и претседател на Собранието на ЗП Ѓорче Петров се до неговата смрт. И на двете функции даде значаен и активен придонес во организирање на пензионерскиот живот. Книгата *Јаска* и претставува поетско дело за македонската семејна сага на фамилијата Тошевски во која ја искажува сета тага, носталгија и сите премрежиња на неговото семејство и на оние кои имале слична судбина, бидејќи тој низ целиот свој живот беше поврзан со своите корени, а напишаното во своите дела е негов аманет на генерациите кои доаѓаат, за да не се заборави.

**Методија Новковски**

# Втор повик за испраќање поштенска дописна картичка




По повод одбележувањето на „Недела на грижа за стари лица“ Црвениот крст на град Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија кој одбележува 70 години пензионерско организирање, **Ве повикуваме на акција за испраќање поштенска дописна картичка**, како еден лист од Спомен книга за впечатоци во нечии незаборавни спомени (англиски: memory, албански: kujtim).

Теми за пишување во дописните картички од пензионерите се: „Се што ти посакувам“, „Од старите за младите“, „Светот ќе биде подобро место ако...“, „И јас можам да помогнам“, „Љубовта може се“, а може и на други теми.

Целта на овој повик е возрасните лица да ги **испишат, исликаат и украсат поштенските дописни картички**, притоа да искажат и пренесат нивни идеи, искуства, чувства, совети, стихови, позитивни пораки и смисла за цртање. На овој начин возрасните ќе дадат свој личен совет или споделат сопствена убава мисла и цртеж, при што ќе остават белег и ќе придонесат со упатување убави и креативни мисли во општеството.

Потребно е да се испратат две поштенски дописни картички и тоа: едната до своја блиска личност, а втората за Конкурсот на следната адреса:

**Црвен крст на град Скопје, ул. 11 Октомви бр. 42а, Скопје**

Краен рок за доставување на дописните картички е 01.11.2016. Од добиените дописни картички, комисиски ќе бидат одбрани најдобрите (според текстот и украсните цртежи). Пензионерот кој ја изработил најинтересната дописна картичка ќе биде **награден со бесплатен викенд во Струга**, во хотелот „Солферино”. Исто така и за останатите две места ќе следуваат награди. Прогласувањето на најдобрите дописни картички ќе се реализира на настан по повод Недела на грижа за старите лица.

**Воедно, на настанот ќе се реализира изложба на дописните картички.** И.Г.